# АНТЕ ПОПОВСКИ

## ДВЕ ТИШИНИ



*Издавач:*
„Pro Littera"
при „ЈУГОРЕКЛАМ" – Скопје

*За Издавачот:*
Милован Миловановиќ, директор

*Одговорен уредник:*
Здравко Ќорвезироски

*Ликовен уредник:*
Кочо Фидановски

*Компјутерска подготовка,
корица, ликовно-графичко обликување,
лектура и коректура:*
Pro Littera

Печат:
„Југореклам", Скопје 2003 година

*Изданиево материјално е поддржано од Министерството
за култура на Република Македонија.*

# АНТЕ ПОПОВСКИ

# ДВЕ ТИШИНИ

Pro Littera

предговор



*Оливера Ќорвезироска*

## ВРЗ КРСТОТ НА ЗБОРОТ

Најновата поетска збирка на Анте Поповски „Две тишини“ е подеднакво **слична** и **различна** со/од неговото досегашно творештво. **Слична** – затоа што пресоздавањето на исушената вода и понатаму го означува врутокот на песната, **различна** – затоа што овојпат вратата на песната ширум се отвора со клучот на буквалната болка. Во контекст на неговото останато поетско творештво, пак, „Две тишини“ е автентичен одглас на сè за што веќе се пеело, но и пеење за она што (ненамерно или како и да е) се пропуштило да се опее. Она што е исклучително важно, и во песните во кои првпат се пее за нешто за што не се пеело досега, се препознава типичната матрица на т.н. *антеовска* песна, еден од најбележитите и најзнаменитите певови во современата македонска поезија. Препознатливоста и лесната идентификација на поетовиот пев е дополнително сведоштво дека Анте Поповски прецизно ја кодирал својата поетска шифра во сопствениот јазик, па сега и кога пее со одглас на веќе испеаното, но и кога пее со залог во новото и (можеби) претстојното, читателот мигновено го спознава неговиот отворен, оригинален, јасен и засекогаш втемелен поетски идентитет. Како и кај сите големи и ретки поети, така и кај Анте Поповски, додека читате нови песни, ги сподвижувате спомените на сите стари, веќе прочитани и знајни песни, но кога, пак, го препрочитувате она што го знаете, со секое ново читање согледувате нешта кои како

да ги среќавате за прв пат. Втемелувањето свој препознатлив поетски идентитет во татковината на јазикот на кој се пее, значи две нешта истовремено: исклучителна поетска дарба и решителен чекор во универзалното и вечното – сон на секој творец.

**Сличното** се согледува во тоа што песните од „Две тишини" продолжуваат да го демнат претурањето од мислата во јазикот кое непрекинато се одвива со секој одделен, изговорен збор на кој било говорител без ниедна загубена капка капната патем, пред содржината на Едното целосно да стане содржина на Другото. Не смее да подлижува ни на едната ни на другата страна, зашто Едното нема да биде Другото, туку на Другото ќе му недостига она што капнало, што подлижало, она што побегнало од патот, она што Едното го загубило (не)сакајќи. Задачата на поезијата на Анте Поповски беше и овојпат е, не да го надгледува претурањето, ами да го демне капнатото, подлижаното, да го најде и да го прибере загубеното, да му го врати побегнатото на јазикот, сето она што тој може (повторно) да го прими. Затоа оваа поезија е неуморна: сето време, без престан, го надгледува претурањето од мислата во јазикот на своите говорители и чека „инцидент" сè дури самата не стане тоа што го чека: инцидент меѓу мислата и јазикот чијашто разврска мора да биде во интерес на мислата, што значи јазикот треба да се шири и да се растегнува, посто-





јано да се долева и полни не со водата на Едното, туку со водата што се исушила не сакајќи да се прелее во Другото. Пресоздавањето на исушената вода го означува вртокот на песната. Одговорот на прашањето: Збира ли јазикот толку колку што може да загуби мислата, а да најде песната – се потврдува одново и одново во секоја песна на Анте Поповски.

**Различното** произлегува од фактот што овојпат вратата на песната поетот ја отвора со буквалната болка вдомена во неговото тело: песниве се испеани во Париз во еден исклучителен период од поетовиот живот кога сè, буквално сè е потчинето од (Ништото на) болката. Таа трае и царува, рие и поткопува, тлее и тишти сегде, а најмногу во стихот распнат како Христос врз крстот на зборот. Иако Анте Поповски ни досега не ја галеше песната, не ја заштитуваше речиси од ништо, оставајќи ја самата да се бори со состојбата што да ја снашла (Неа или Него), во „Две тишини" се добива впечаток како нивниот заемен однос да е отиден уште потаму, па поетот почнува да го нишани светот токму со неа, зашто сфаќа дека друго оружје за каква и да е стрелба – нема. Како резултат на тоа, пеењето станува ***забрзано*** (да би да втаса на сите „фронтови"!), но и ***хетерогено*** како што и му прилега на едно сосем ново гледање на светот, непрегледен и немилосрден, овојпат со очите на болката. Како што поетот не ја штеди песната од физичката болка, така и болката не го штеди стихот

од себеси. Никој ништо и никого не штеди во „Две тишини", дури и потенцијалниот читател е наполно незаштитен од стихот, од поетот, но и од страдањето (на зборовите, буквите, вокалите,.. белинките) распламтено до усвит. Се пее до коска и подлабоко, се пее дотаму до каде што критиката не може никогаш да втаса, а песната, еве, сепак успева да го развее знамето на својата победа, но и на своето самопредавство, капка по капка, стих по стих, истекувајќи во две тишини *(„една мала, во која ќе сонувам / и чекам, и една голема / во која исчезнувам")*. Ако воопшто постои поетско исцелителство, тоа мора да се бара првенствено во вокалите, во тие најпречекливи, најпросторни и најкомфорни гласови во кои најдолго може да се биде, но и најдолго да не се бива,.. во кои зборот најдолго може да престојува, но и низ кои мора да мине кога да заминува во молкот.

* * *

Подредувањето на „Две тишини" во пет вокалски раздели е атак врз „зададената" хетерогеност на оваа „Париска тетратка" пишувана во март и април годинава во период кога на болеста која пустоши низ телото на поетот, ѝ се одѕива единствено песната која пустоши низ душата на поетот, собирајќи данок од премолченото, потиснуваното, недоизреченото, скриеното... Анте Поповски во „Две тишини" ги цеди





од себе токму оние капки што ѝ недостасуваат на реката да се излее, токму оние капки кои се исушиле во мислата пред да се прелеат во зборот. Вокалите се обидуваат да воведат некаков (којзнае каков и кому ли потребен) ред во творечката анархија на една агонија во која времињата заемно се ништат да би да ослободат повеќе место за обичното, дребно постоење.

Сите песни во оваа стихозбирка, без оглед на нивниот нарав и должина, се подготвуваат за молк. Како што на секоја стрела целта ѝ е однапред зададена според записот од предците, па она во што се нишани речиси нема никаква врска со Погодокот, така и новите песни на Поповски вежбаат тишина опасно приближувајќи му се, де на зборот, де само на вокалот каде што зборот влегува како в дом на врисоци и болки! Оксиморонот држен со цврста поетска рака, се откинува преведувајќи ја песната од брегот на врескокот на брегот на молкот, од вокалот до белинката меѓу зборовите. Зашто молкот на кој се подготвуваат новите песни на Анте Поповски прилега на белинката меѓу два збора, на растојанието меѓу две книги,.. а најмногу на пат од еден до друг до трет... вокал – дом на врисоци и болки. Според мотото на збиркава *(„Ене го долу, меѓу два брега, / во тишината меѓу два збора, / топло семе на својот јазик, / потпрен на својата сенка / чека ништо и – никого.")*, сите песни како истовремено да истекуваат и да се влеваат од и во тишината меѓу два збора.

### *Влез во вокалите*

Секој од вокалите/раздели во „Две тишини" има автентичен есеистички влез преку кој читателот се спроведува директно во „собата" на песните групирани во тој и тој вокал. Безбедно, прецизно, заштитено од можноста за неснаоѓање или непознатица. Анте Поповски во влезните текстови го дефинира токму она по што се стремеше книжевната критика сиве овие години на проследување на неговото творештво. Она по што се трагаше, одеднаш стои простум пред нас, појасно и поедноставно речено од кога и да е. Како што во песните од „Две тишини" за првпат во творештвото на Поетот каменот (о)станува сал камен, така и воведните есеи допуштаат птицата на песната да слета на зборовите уште пред да се „опеснат", фрлајќи сенка врз сè што се премолчало, што истекло од мислата, а не се влеало во зборот. Афирмирањето на молкот во период кога сè (и каменот, и птиците, и татковината, и огништето, и мајката, и стракчињата трева...) се подготвува токму за него, новите песни на Анте Поповски забрзано ги населува таму кај што досега не биле: во пределот на стравот.

### *Собите на песните*

Во „Две тишини", постојат пет соби со песни. Првата, собата на вокалот **А**, ги прибира расфрланите поетови мисли (*расфрлани се моите мисли денес / како развеани листови / од*





*некое старо евангелие / и небото над нас смрачено и тешко / и светлина нема, / барем себеси / уште малку да си се погледавме)* и нештата за кои Поетот вели *„никогаш не сум размислувал за тоа"*. *„Низ времето, како и сè друго, исчезнува и песната"* пишува поетот во големото чекање да ја снема песната, кое, знае и самиот, никогаш нема да се случи. Ширум отворениот прозорец со поглед на Сена е доволен поттик да се биде и тука и таму, на две места, двапати да се чека исто доаѓање и исто заминување, еднаш како намерник, другпат како скитник. Ако воопшто е можно некогаш и некаде песната и да исчезне, бездруго нејзиниот крај ќе го засегне јазикот, барем толку колку што јазикот бил засегнат и со почетокот на песната. А времето? *„Не можевме да сфатиме* – пее Поетот – *дека нам не ни одминува / времето туку – / животот."*

Собата на вокалот **Е** во која страдањето се поставува над сите знаења на светот (*„Не е од големо значење знаењето со кое ќе се здобиеш, туку знаењето кое ќе го изнастрадаш")* претставува *„книга на болниот"* во која се бележи поетовиот обид да се преименува себеси, да се допише и дообјасни, да се дефинира како *„развеано евангелие на немирот"*. Согледувањето на самиот себеси низ времињата кои минале, но и низ оние кои допрва ќе дојдат, не е одлачено од стравот кој самиот себеси се тегне низ стиховите како товар и како сенка. Она што веќе го рековме, дека во „Две тишини" никој ништо и никого не штеди и дека дури и потенцијалниот чита-

тел е наполно незаштитен од стихот, од поетот, но и од страдањето (на зборовите, буквите, вокалите,.. белинките) распламтено до усвит, во собата на вокалот **Е** продолжува да се пее до коска и подлабоко, дотаму до каде што критиката не може никогаш да втаса, а песната го развејува знамето на својата победа (или предавство, сеедно) и истекува во една од двете претстојни тишини, во онаа во која се испраќа и во онаа во која се заминува.

Љубовта која отсекогаш барала свој, изолиран и таен простор, во „Две тишини" е скриена во собата на вокалот **И** каде што е собрано буквално сето она што досега му се чинело премногу кревко, ранливо и нежно на Поетот – господар на татковинството и на својата земја. Што да е трепет или мигновена, нејасна мисла, во овие песни оставило трага ликум на заскитан, пропуштен бакнеж. Никогаш песните на Анте Поповски не примиле толкава слабост, но и не покажале толкава доблест достојно да ја признаат и пречекаат, токму неа, слабоста што нè прави исти и еднакви со себеси. Ова е мошне индикативен дел од најновото творештво на поетот, затоа што и љубовта и каменот и птицата стануваат нешто што никогаш не биле во неговото пеење: стануваат само и единствено тоа што се. Не метафори, не смисла, не цел и тајна... не таен клуч за поетиката, туку обично вратниче низ кое да се влезе во... себеси самиот. Ништо повеќе не се истава од патот на Песната, бидејќи таа, подготвувајќи се самата себеси за





молк, не може никого да повреди повеќе отколку што се повредува себеси, ништејќи се и множејќи се со целосна свесност. („*Зошто да страхувам, / од што да се плашам // И оние кои веќе ги нема / некогаш ги гледаа овие исти ѕвезди и врвои, / и исти молитви глаголеа, / и исти песни пееја, / и овој ист наш јазик го говореа / и иста мисла како мојава / ги опседнуваше: // Зошто да страхувам, / од што да се плашам?*")

„Јас и ти" и „Две тишини" се едни од „најчистите" песни на Анте Поповски во кои нема ни ронка прав од заумност, зборовен заговор, двосмисленост... Совршена едноставност која маестрално ја впрегнала најсложената сложеност на мислата (и на јазикот!) во јаремот на делничниот, обичен, најобичен збор со кој на јазикот му се враќа она што му се зело... Вредно било, непроценливо дури, оддолжувањето на јазикот со збор пред да се молкне.

Песната „Две тишини" е поетска мајсторија при која се ѕидало со прости тули, а се добила невидена палата, или, поинаку речено, делничните зборови се изложени на толку необично и несекојдневно (ретко!) сонце што фрлаат сенки начичкани со недобројни значења. Малку да се проговори, а многу да се каже, тоа е нашата раскажувачка традиција која се трансформирала во скромни зборовни стебла засадени во родното огниште, кои фрлаат толку раскошни сенки што да се покрие (и да здивне од задоволство и убавина!) сиот свет со нив.

*„Ти конечно ме бакна,*
*и како и овие дождови и секавици,*
*како и овие ветришта,*
*ме окова за себеси,*
*и тоа што веќе меѓу нас се случи*
*сега и Бог - господ*
*не може да го спречи.“*

Кој кого бакнува? Зошто *конечно*? Било ли тоа долго чекање или долго изнудување? Дали *конечно* е **најпосле** или **за крај**, дали е **прво** или **последно**? Сенката на *конечно*(то) бакнување ги покрива сите љубовници (а најмалку и само нив!) на светов и на веков. Стихот *ме окова за себеси* навестува непишан и невидлив заговор против Бог – господ, зашто, ете, се случило нешто без тој да можел да го спречи? Зошто поетот вели дека, да знаел, Бог – господ би го спречил? Нè наведува ли на мислата дека тој и таков бакнеж е престапен, недозволен бакнеж на кој, од друга страна на значењето, пак, толку долго се чекало? Просто се чини неверојатно како се пикнале сиве овие нијанси и значења во толку малу и питоми зборови? Тоа ли е поетската мајсторија до која доаѓаат големите поети, така ли се прави голема, најголема песна со мали, дребни зборови? Да се мисли и да се однесува на сè, а да се пишува за едно единствено нешто?

*Но, каде си?* – продолжува поетот „губејќи го“ бакнувачот, сега, откако веќе бакнувањето се случило. Се сведува





ли сета стварност на човека во обична илузија? Не се ништи ли вистината со невистина?

*Ти и не знаејќи околу мене*
*насели две тишини:*
*една мала, во која те сонувам*
*и чекам, и една голема*
*во која исчезнувам.*

Седнно дали постои или не бакнежот, со неговото „случување“ се случува и пресврт во директното опкружување на поетот: се населуваат две тишини околу него како доказ дека имало бакнувач, како оставена трага во денот на нешто што пролетало низ него. Доказот е цврст (населени се две, не една тишина!), значи нема простор за сомнеж ниту по прашањето на бакнувачот, ниту по прашањето на бакнежот. Но, ете нов „проблем“ (нова ширинка во значењето на песната): тишините не се исти – едната е мала, другата е голема. Зошто поетот тишината во која сонува и чека ја нарекува мала, а голема – тишината на исчезнувањето? Дали затоа што интервалот на малата тишина е ограничен, а интервалот на големата, на тишината на заминувањето е неограничен, бескраен? Што е потивко: да се чека и сонува нешто што го нема и не се знае дали ќе дојде и дали ќе се обистини и по крајот на сонот или да се исчезне ѐднаш засекогаш?

*Твојот заборав и моето заминување*
*сега и сам Господ – бог*
*не може да го спречи.*

На крајот, еве повторно нешто што не може да се спречи, нешто што (овојпат во инверзија) и Господ – бог не може!

„Две тишини" е и не е љубовна песна, „Две тишини" е и не е филозофска песна,.. е и не е лична, е и не е универзална... Она што несомнено и непобитно е, е дека „Две тишини" е исклучителна песна која на времињата, на просторите, на чувствата и на кобата на судбината гледа со исти очи, со очите во кои засекогаш е втиснат стихот како глетка, но и како порака и писмо до вечноста.

Најкружната соба на вокалот **О** е соочување со сè она што е зад нас, знаејќи го она што е пред нас. Визурата е друга, вистината е истата, зашто таа испраќала и пречекувала и победници и губитници. *„Сè зависи од отвореноста / кон себеси, од искреноста / со која ја прифаќаш или не – / вистината која те опкружува и која има / големи, крупни очи кои гледаат / и отаде невидливото."* Ако во претходните соби болката беснееше, во собата на вокалот О таа боли и боли, сè во круг, почетокот правејќи го крај, а крајот – почеток. Затоа и се вели дека вокалите (особено **О**) се најпречекливи, најпросторни и најкомфорни гласови во кои најдолго може да се биде, но и





најдолго да не се бива,.. во кои зборот најдолго може да престојува, но и низ кои мора да мине кога да заминува во молкот.

**У** е петтата соба, ни најдалечната, ни најуспешната, еднаква со другите според болката и според незавидувањето на предавствата. Поетот со зборови ги објаснува зборовите *„со големи очи кои гледаат далеку зад себеси"*, моливот што ги испишува (*„тој човек во човека"*) и неможноста да се допрат, зашто *„тие се излез / од темниот заборав на материјата / и душа – на душата"*.

Најновите песни на Анте Поповски го потврдуваат она што го знаеме за неговото пеење, едно и единствено, но и ни дозволуваат да се приближиме троа поблиску до она што досега беше пропуштило да се (пре)создаде како песна... Напати дури мигум и да го допреме со дланка или со усни – невидливото.



# ДВЕ ТИШИНИ

*Последниов ракопис „Две тишини“, според околностите во кои е создаден, го сметам за свој поетски тестамент. Им го посветувам на својата сопруга Соња, на синовите Жорж и Александар, на внуците Анте и Ирина и на возвишениот благородник, господинот Трифун Костовски; напати, кога откажува татковината, воскреснуваат нејзините личности.*

*Оваа книга ѝ ја посветувам и на својата поетска генерација – генерацијата која ги изгради естетските фундаменти за развојот на модерната македонска литература – со која творејќи над 50 години еден покрај друг, ги споделувавме сите радости и горчини на творечкиот чин.*

Ене го долу, меѓу два брега,
во тишината меѓу два збора,
топло семе на својот јазик,
потпрен на својата сенка
чека ништо и – никого

A

***Окован***
***настојувам да се движам***

Не знам зошто утрово одново ме опседнува прашањето за Орфеј и Исус во современата македонска поезија.

Допуштам дека тоа е – стравот. Македонскиот поет веќе е начисто со тоа. Рецепцијата на византиската култура ја заобиколи опасноста од механички мимезис и поистоветување за асимилација. Во тие чудесни процеси на органска перихореза, македонскиот народ ги развивал своите способности, во согласност со својот сопствен антрополошки пат, без да го изневери „византизмот" како историски образец.

Сè повеќе се уверувам дека сум заробен во просторот помеѓу гревот и стравот. Човекот, бидејќи е Исус, сосем е јасно дека нема да страда само кога е грешен, туку уште повеќе кога е – безгрешен!

Во една ваква светлина, јас сè повеќе се уверувам дека сум во право кога тврдам дека централна поетема на книгава што ви ја предлагам е – стравот!

Тој страв, напати, го разнишува, уште повеќе, го разурнува просторот на мојата митопоетска концепција.

Одеднаш, од една назначена херметика, речиси без причина, јас излегувам од неа и се расфрлам со теми кои се надвор од концептот, кои ја назначуваат хетерогеноста и како да го разнишуваат хомогенитетот на овој мој ракопис.

Тргнувам од тоа дека поезијата е приватна религија, а песната јазик во движење. Окован, настојувам да се движам.





Можеби ги менувам насоките, се мачам текот на мислата да го сосредоточам врз она што е бунт во мене, но, како и секогаш, мислата е многу потромава, побавна од зборовите.

Стојам пред благороден предизвик: на стравот да му возвратам со – песна! Стравот е постар од песната, но во тоа е и големата предност на животот кој го бранам: сè што имав му го завештав нему, сè што можев направив за него и сосем природно е јас да го бранам него а не неговата сенка.

## *Излишно писмо до Бога*

Им благодарам о, Боже, на птиците
кои со својот лет ги препишуваат
моите соништа врз небото.

Му благодарам о, Боже, на морето
што ќе остане да ја следи
преселбата на моите зборови низ неизвесноста.

Им благодарам о, Боже, и на тревките
и на ветровите и на дождовите
и на изгревот и на залезите

кои ми беа сведоци за сè.

Но, господи, бидејќи сите тие
се многу постари од тебе
зар не е залудно да се пишува писмо
до тебе наместо до нив?
Ами Ти, сè уште си невина рожба човекова
создадена за да бидеш вечен и да паметиш
бидејќи тој е минлив; ти сè уште
си невино детенце кое не ги распознава
дури ни буквите, не знае ништо за зборовите,
не чита песни –
Ти, едноставно си – Бог!





## *Расфрлани се моите мисли*

*На Драгица и Георги Старделови*

Расфрлани се моите мисли денес
како развеани листови
од некое старо евангелие
и небото над нас смрачено и тешко
и светлина нема,
барем себеси
уште малку да си се погледавме.
И јата птици само надлетуваат и грачат
и сам си
зашто и бог – господ кренал раце од себеси
и заминал некаде бесповратно.
Кого да молам,
кој да ме поучи
како да се живее без себеси?

Расфрлани се моите мисли денес
како пожолтените листови од нашето
домашно евангелие.

# Секавица

*На брат ми Вељо*

На една од своите трпези,
со десетици имиња на монаси издлабени
врз трпезата,
во зографскиот манастир на Света Гора,
седат монасите,
дрвена паница велигденска чорба
и бокалче црно вино пред секого
и откако ќе ги испеат сите молитви
и удри камбаната
за да ги здружи морето и ѕвездите
на прозорецот болснува секавица
колку за миг да се види сенката Исусова
додека воскреснува.

Добро се гледа сето ова
и од Париз.







# Нашето црвено ждребе

Нашето црвено ждребе,
нашата улава стихија,
кога би се сетило на овие ливади
и на оваа месечина ноќва
– тоа со еден единствен скок
би ја прескочило високата планина на времето
која нè дели,
би ги прескочило сите ноќи, значи,
и сите одминати години,
и би се покажало од некаде,
би се растрчало и потскокнувало,
би виштело од радости,
и не знаејќи
дека со своите тенки копитца
тоа тропа на вратите на сите
кои растеа и трчаа заедно со него,
заборавени веќе и покриени
со крвавото руменило на залезот...

Ноќва, од пределите на детството,
би стигнало нашето црвено ждребе,
за да го помилувам и кршејќи залаци леб
да го нахранам, за потоа одново да се разигра

виштејќи и потскокнувајќи
и своите тенки копитца
натопувајќи ги во месечината и со нив
ставајќи златен печат врз детството.





## *Проповедникот*

*На д-р Ѓорѓи Зафировски*

Никогаш и никаде Тој не спомна нешто
што ние живите го поимаме како време,
и ете, во суштина, ние
се разликуваме од Проповедникот
не сакавме или пак не можевме
да сфатиме дека нам не ни одминува
времето туку –
животот.

## *Земјата не би можела*

Одново кога би се случило
земјата да му се врати на нередот,
да му се врати на својот колосален хаос,
на бесконечноста и на пустошот
од што потоа пак би одекнал
големиот big-bang,
во таа повторна експлозија
воопшто не е веројатно
дека одново би бил создаден човекот:
земјата, сепак, не би можела да ја издржи
таа голема реалност –
бесконечните човекови страдања...





Ме допира нешто
но јас не знам да одгатнам
што е тоа. Ми шепоти:
доаѓам од кај морето а Хелен
уште чека на брегот
шета во залезот и копнее:
на секоја самогласка
од песната што ја пее
свитка по една ѕвезда
а на нејзината коса
еден славеј чека да изгрее месечината

Кадис
24.02.2003

Анте Поповски

# Ме дойира нешто

*На Михаил Ренцов*

Ме допира нешто
но јас не знам да одгатнам
што е тоа. Ми шепоти:
доаѓам од кај морето а Хелен
уште чека на брегот
шета во залезот и копнее:
на секоја самогласка
од песната што ја пее
светка по една ѕвезда
а на нејзината коса
еден славеј чека да изгрее месечината.







Чудно е зошто Анакреон
молел да му се наслика неговата
возљубена со нејзините црни плетенки
и уште молел,
доколку вештината можела да се изрази тоа
да биде насликан и мирисот на миртата
што ја опкружувал. Чудно е зошто не замолил
да биде насликан нејзиниот глас
кој молчината го носела
како молитвеник во рацете.

Париз,
13.02.2003

Анте Поповски

* * *

Чудно е зошто Анакреон
молел да му се наслика неговата
возљубена со нејзините црни плетенки
и уште молел,
доколку воопшто можело да се изрази тоа
да биде насликан и мирисот на миртата
што ја опкружувал. Чудно е зошто не замолил
да биде насликан нејзиниот глас
што момчињата го носеле
како молитвеник во рацете.







## Ѕвезден корен

*На д-р Никола Силјановски*

Не можеше да издржи гледајќи
каква тага го измачува каменот
кога не слетува птица на него.
Се наведна и го бакна и она со кое можеше
да му помогне беше да издлаби
птица врз него. Кога веќе убаво
се распознаваше птицата
– таа ги рашири крилјата, запавта,
се подисправи, откликна
и полето заедно со каменот:
мал остров пловеше по небото
– птицата сонуваше да ја превозмогне смртта
– каменот копнееше да го допре
својот ѕвезден корен...

# *Риданијата на Рахела*

*На 9-р Цвета Толевска*

Долго се мачев да одгатнам
зошто и како се случуваше тоа
секогаш кога ќе ја земев в раце
древната Библија
од долапот кај иконите
– Библијата сама да се отвори
на истата страница на која
и претходно се отвораше...

А како да не се отвори:
на таа страница
во болни риданија Рахела
ги оплакуваше своите деца
а дедо ми, наместо свеќа,
тука оставил стракче мајкина душица
кое во голема тага се сушело низ вековите
и сочувало сила само
тешките и позлатени капаци на Светото писмо
да ги подотвори толку
– колку да се чуе ужасот на пискотниците
од Витлеем.

О, Господи,
кој направи толку гревови во животот
за да заслужи секоја вечер да умира?





– Тома?
– Нешто слушам – ништо не гледам.
– Ме слушаш мене и ме гледаш мене;
целиот во лузни [illegible] од клинците
со кои бев распнат.
– Нешто слушам – ништо не гледам.
– Невернику, блажени се само оние
кои не видеа – а поверуваа.
– А јас, Тома,
не ѝ се приклонив на ниедна вистина
туку на убавината. Сам себеси – светец,
сам – анатема.
– А тајната книга, Тома?
– Нешто не слушам – ништо не гледам...
– Тома?
– Во тајната книга е Тома...

Париз, 15.02.2003

* * *

– Тома?
– Нешто слушам – ништо не гледам.
– Ме слушаш мене и ме гледаш мене:
целиот во лузни од клинците
со кои бев распнат.
– Нешто слушам – ништо не гледам.
– Невернику, блажени се само оние
кои не виделе – а поверувале.
– А јас, Тома,
не ѝ се приклонив на ниедна вистина
туку на убавината. Сам себеси – светец,
сам – анатема.
– А тајната книга, Тома?
– Ништо не слушам – ништо не гледам...
– Тома?
– Во Тајната книга е Тома...







## *Никоѓаш не сум размислувал за ѿоа*

Никогаш не сум размислувал за тоа
па никогаш нема и што да изустам.
Ќе таам во себеси за сè што се случи,
гледајќи и натаму како згуснува ноќта
и како чемреам да почне да расте
денот. Време е, само, да се прашам
зошто на својот живот
му подарив само нешто свое –
а на смртта сè...

Од денес натаму, о, Кавафис,
престануваат да значат што и да е
лажните сознанија за некаква си
света должност кон татковината
а без себеси, зашто вистина е
дека на животот му подаривме
само нешто свое
а на смртта – сè!

* * *

Нè сними момчето седнати во истото бистро
во кое некогаш тука седел и Пол Фо
и не забележавме колку невино
и безгрижно се населивме на фотографијата
од која веќе никогаш нема да излеземе.

На фотографијата обајцата молчиме
загледани еден во друг и скаменети веќе
сами во себеси преповторуваме:

Верно, животот, можеби, не беше добар
но беше убав...



Е

***Не е од големо значење знаењето***
***со кое ќе се здобиеш,***
***туку знаењето кое ќе го изнастрадаш***

Не е од големо значење знаењето со кое ќе се здобиеш, туку знаењето кое ќе го изнастрадаш. Затоа јазикот божји е – тишината. Нашите древни монаси поучуваа при немощ, при болѣзнъ, дека прилега да се молчи, да се страда... Но, како да се молчи приживе?

И покрај сите копнежи, еве неколку месеци, никако да здогледам светлина. Веројатно, сè уште не сум стигнал до точката на очајот. И сега одново нешто за знаењето. Сенека болеста ја поимаше како тријада: страв – болка – и непријатности. Стравот и непријатностите да ги оставиме настрана. Нешто за болката. Таа е посебен осет: или израз на органско нарушување или израз на душевен немир. Алгичниот осет се восприема преку рецепторите за болка на сензибилните нервни завршетоци. Наспроти 1-2 точки на 1 $cm^2$ за восприемање на топло, односно 7 за студено и 25 точки за допир, на секој квадратен сантиметар на нашето тело постојат 170 точки за восприемање на болката! Човекот, значи, генетски е предиспониран да биде битие на физичката и моралната болка.

Доколку човекот поради несовршеноста на својата природа, е повикан да го поднесува одминувањето на времето низ категориите на минатото и на иднината, тогаш тој никогаш не е во состојба да оствари цврста, реална категорија на сегашноста. Од овој аспект погледнато, поезијата, се чини, е единствен израз низ кој се остварува сегашноста, сеедно што е таа, пред сè, израз не на стварноста, туку на – илузијата.





Напати, помислувам, дека сум роден за каузалитет и детерминизам. Никогаш свесно не сум анализирал ниедна своја поетска ситуација и своите поетски пориви можам да ги следам само таму кај што тие ме водат. Феноменот на поезијата постои за да се воспостави ред меѓу нештата, ред помеѓу човекот и времето, зашто вистинската традиција не е завршено минато. Таа е сила која ја оживува и продолжува стварноста. Сè поблиско и поприфатливо ми е сознанието дека сè што не е традиција е една минливост и – плагијат.

Секогаш кога помислувам на поезијата, јас помислувам на она кое стои над моите страдања. Зборовите имаат својство на магични клучеви и како ножови на кожата ја отвораат вистинската промисла. Хуго Клаус повикува: сам себеси избери се за сопствено пристаниште. Сам себеси биди си и илузија и стварност; и промисла и надеж. Се вљуби во буквите и во зборовите и сега ти ќе го носиш и нивниот крст. Убаво се сеќаваш на В. Хлебников: секој збор – автономна космичка сила...

Залудни се нашите молитви да се повтори времето. Поради тоа и знаеме дека минатото не може да се преправа, пресоздава, и дека тоа не е за спомени, туку за возобнова на корените. Напред, значи, кон традицијата, сонувајќи светови кои никогаш не постоеле.

## Оплакување

*На мајка ми*

Дојде, конечно, стигна мојата светица,
светна моето помрачено сонце,
застана спроти мене и со глас
позајмен од риданијата на Рахела,
ме прекорува:

А каде си ти да дојдеш
да си ја видиш мајка?

Застана, потоа
од левата страна на мојата постела,
се наведна, ми ја стави за визглавје
нејзината десна рака,
и само ме гледа, и само ме милува, гали.
А мојот поглед кога заскита
некаде, отаде неа, ме прашува:

А кај си се загледал?

Во твојата изгорена душа, велам
и гледам како животот безмилосно
продолжува да слика
едно ново оплакување.





## Книга на болниот

*На д-р Ѕвонко Крстевски*

Низ Големите пости, о Господи, ќе копнееме
ти по своите, а јас по моите соништа,
ти по твоите, а јас по моите патишта
да стигнеме заедно до твоето Воскресение.
Доколку, пак, се случи, и другите денови
на светите пости да бидат толку тешки
и неподносливи за мене како првиот ден
– скршен јас ќе останам тука
кај што сум, а ти ќе продолжиш
како и секогаш – сам. Моето кревко тело
нема смисла за убав подвиг, но ти лесно
според потта на мојата болна кошула,
како според Книга на болниот, ќе ги
протолкуваш сите соништа и ќе ја покажуваш
кошулата како поука на сите кои копнеат
заедно со Тебе да стигнат таму
каде што не може никој освен тебе.

Моето кревко тело нема смисла
за убав подвиг и лесно од мојата кошула
ќе протолкуваш како проникнувала мојата
душа низ зборот и низ писмото. Печат
врз него нека биде оваа париска светлина
која ги заменува и моето име

и моите копнежи до оној миг
кога Ти се симна на земјата
за да го спасиш Адама. Но, тоа не се
случи. Сега еден по еден исчезнуваме
целото негово потомство...





* * *

*На д-р Јоцо Наумовски*

Цел живот ги шетав своите соништа
и низ времето и низ просторот,
им зборував, им подвикнував, им потпевнував
како на најблиски
и стоејќи простум и извишен над нив
јас секогаш се чувствував и исправен и горд...

Но и тоа прелага било:
обидете се да растете високо и право,
а животот вас ќе ве свитка!

А цел живот ги шетав своите соништа
низ времето.

* * *

Цел живот ги гледаш своите другари, соседи, пријатели,
исправени и горди,
како шетаат со своите соништа низ времето
и туку одеднаш ќе забележиш,
тие спокојни и чесни луѓе
како клапнале, се подвиткале,
се смалиле...

Помислуваш туку-така се случило тоа,
од ништо. Доцна ќе осознаеш
дека тоа животот нив безмилосно
ги свиткал...





Со години и години
еден незнаен човек
Квечерина
сам ќе си прошеташе по пустата улица
и ќе исчезнеше, потоа, некаде во мракот.

И сè така, и не обраќајќи внимание
на никого и ништо,
загледан в земи
ќе се покаже и ќе одмине,
ќе се покаже и – ќе одмине...

Има луѓе за кои ние другите
ништо не знаеме. Тие целата
своја биографија ја носат со себеси
и низ неа –
исчезнуваат.

Париз
20.03.2003

Анте Поповски

* * *

Со години и години
еден незнаен човек
квечерина
сам ќе си прошеташе по нашата улица
и ќе исчезнеше, потоа, некаде во мракот.

И сѐ така: не обраќајќи внимание
на никого и ништо,
загледан вземи
ќе се покаже и ќе одмине...

Има луѓе за кои ние другите
ништо не знаеме. Тие целата
своја биографија ја носат со себеси
и низ неа –
исчезнуваат.





* * *

*На брат ми Ѓоко*

Ене сум јас, извикувам, ене сум,
залепена метална плочка врз мермерот
која не ќе можам да ја допрам.
Ене сум, оној до кого не ќе може
да се стигне според ниеден патоказ
и според ниедна мапа:
развеано евангелие на немирот.

# О, Кавафис

*На Матеја Матевски*

Од ноќва натаму ќе расте денот,
а потоа и пролетта ќе ја подготвува тревата,
густа и зелена, за некого.
И еден бел коњ ќе вишти некаде во залезот
и ќе чека некого
за да отпатува неповратно таму
кај што престануваат сите значења
и на прелагите за некаква *света должност*
*кон татковината и безброј други баналности...*

О, Кавафис,
од денес натаму ќе нараснува денот,
а потоа и пролетта ќе ја подготвува тревата,
густа и зелена, за некого. Таму некаде
ќе си легнеме сами,
зашто ние на животот му подаривме
само нешто свое,
а на смртта – сè...





Ора Каин сè подлабоко и подлабоко,
раскопува некои згаснати шишарки,
некои древни камења од првото рало
на Адам и зрнце семе од нивата ~~[illegible]~~
кое уште не проросло. ~~[illegible]~~ (сеитба)
Го врти Каин зрното меѓу прстите,
го гледа и вели: сите, ова зрнце
Земјата не можела да го отходи.
Тоа сè уште ја памети
искинатата светлина на создавањето.

Убаво ја раскопа земјата,
ја издроби, ја исчисти и го фрли во неа:
можеби тоа ќе отходи
некое малечко сонце
кое земјата и ноќем ќе ја огрева, –
намисли Каин
и ја чека големата жетва –
братоубиството.

22-09-2003
Париз

* * *

*На Блаже Ристовски*

Ора Каин сè подлабоко и подлабоко,
раскопува некои згниени штички,
некои древени клинови од првото рало
на Адам и зрнце семе од првата сетва
кое уште не про'ртело.
Го врти Каин зрното меѓу прстите,
го гледа и вели: ете, ова зрнце
земјата не можела да го оплоди.
Тоа сè уште ја памети
исконската светлина на создавањето.

Убаво ја раскопа земјата,
ја издроби, ја иситни и го фрли во неа:
можеби тоа ќе оплоди
некое малечко сонце
кое земјата и ноќем ќе ја огрева, –
помисли Каин
и ја чека големата жетва –
братоубиството.





* * *

*На Гиче Чемерски*

Отсекогаш бев уверен во тоа
она што ни се случува нам дека
им се случува и на нештата
околу нас: книга со книга,
флејта со флејта и врата со врата
дека си разговараат меѓу себе,
си шепотат, се разбираат и убаво
се сеќаваат на сè што одминало...

Ете, и поради ова треба да се живее,
но како тоа
да се живее без себеси?

# *Животот лаже – сонот не лаже*

*На Венко Андоновски*

Λογοζ, λογοζ
Кога би зборувал со обезимени зборови,
со обеззначени, како на пример:
ლ, ც, წ, ჟ, ფ შ, ჭ
се разминуваш со светци
во предел каде во исто време
и на исто место
светат многу сонца и многу месечини.
Облечени се во црвена наметка
и одат на гости еден кај другого
од една на друга ѕвезда.

Да се разминуваш,
да изустиш добра вечер, о, светци,
а тие, се загледуваат во тебе,
незнаен и непознат за нив,
и те поздравуваат:
ти првпат миеш раце во облаците?

Ти се снебиваш, велиш λογοζ, λογοζ,
животот лаже – сонот не лаже...







Сега убаво се сеќавам на неговите рапави
зборови, на неговата сува реченица,
на сè она што го наслушуваше,
дури и на сè она што го сонуваше.
Низ секој негов збор
проникнуваше честа на допените усни.

Сосема кога замолкна –
немоќ на пустошот – исполнет
од немоќ на глувотијата што ја остави.

Париз,
25.03.2003

* * *

*На Блаже Конески*

Сега убаво се сеќавам на неговите рапави
зборови, на неговата сува реченица,
на сѐ она што го помислуваше,
дури и на сѐ она што го сонуваше.
Низ секој негов збор
проникнуваше честа на Големите пости.

Сосема кога замолкна –
обемот на пустошот – поголем
од обемот на глувотијата што ја остави.





## *Минато*

*На д-р Миле Врчаковски*

Утрово еден црн, еден безмилосен ветер,
со крвави заби, со крвјосани очи,
со окрвавена кошула по рабовите,
ги разотвори прозорците, ги расфрла книгите,
ме повлече за раце
и ме фрли
во оваа безобличност и пустош...

Сега, од ова пусто место,
од овој очај и овој крај,
јас убаво распознавам време
во кое некогаш бев жив...

# *Минато, пак*

*На Софија Врчаковска*

Јас, Кабида, се капам во света река,
се молам во свети храмови,
се враќам од ходочастие и тргнувам на друго,
како пиле штрпкам
изгорени стракчиња по камењарите
и наместо да се пресоздадам
во сенка на боговите.

Да не беше овој црн ветер
кој сега безмилосно пустоши низ мене
и јас, како и Кафка,
ќе помислев:
не паметам време во кое
некогаш бев жив...

Вака, откако црвените заби
на црниот ветер ги разнесоа
и мојот сон и моето тело,
јас со сигурност можам да речам:
паметам време во кое живеев.





# *Алелуја*

Загледан во островите
кои како храмови се издигнуваат
од морето, забележувам
пролетта веќе ја подготвила
тревата која зеленее
и која чека некого
ако си ја запеал –
прекини ја таа црна
алелуја.

# *Втројство*

*На Томе Серафимовски*

Поучуваше Гаудама Буда:

Само кога би смогнал,
сеедно на кој начин,
да ја искусам силата –
да се втројам и размножам себеси
во еден и единствен –
ќе можам да кажам
дека светот не е она
што му се открива на окото
туку само она кое се чувствува
и не збиднува.

Кога би смогнал сили, значи, како Буда,
и да се втројам ваков –
и тоа би било без значење:
би се втроил немоќен и – стуштен...





Огин

Имаше голема секира и голема лузна
на челото и име кое сите го
благословуваа, во темните зими
покрај огништето.

И кога грееше и кога веeше
Тој сам влегуваше во планината,
ги ширеше рацете како гранки
и веруваше дека еден ден
сосема ќе се поистовети со стеблата,
ќе [illegible] и ќе разлистува како нив.
Пророштвата [illegible] за оние кои не веруваат,
велеше Тој, и чекор по чекор [illegible] се доближуваше
до [illegible] стебла,
се поздравуваше со нив,
и [illegible] и не забележуваше како се
[illegible] честопати.
[illegible] не остана ни гранка ни стеблика
која не ги [illegible] со душа
и со раце, и со кои не разговараше.
[illegible] лузна
каква што носеше Тој на челото –
ја изгреба и на секирата,
уверен дека лузните [illegible] нејзе
не се [illegible], па продолжуваше
сам низ планината
листајќи ја како [illegible] книга
чиј јазик го разбираше само – Тој.

## *Огнен*

*На Коле Манев*

Имаше голема секира и голема лузна
на челото и име кое сите го
благословуваа, во големите зими
покрај огниште.

И кога грееше и кога вееше
Тој гол влегуваше во планината,
ги ширеше рацете како гранки
и веруваше дека еден ден
сосема ќе се поистовети со стеблата,
ќе потреперува и ќе размислува како нив.
Пророштвата не се за оние кои не веруваат,
велеше Тој, и чекор по чекор им се доближуваше
на остарените стебла,
се поздравуваше со нив,
и никој и не забележуваше како се
разретчуваа честаците,
та не остана ни гранка ни стеблика
кои не ги помилува и со душа
и со раце, и со кои не поразговара.
Истоветна лузна
каква што носеше Тој на челото –
ѝ изгреба и на секирата
уверен дека лузните нанесени од честа
не се грди, па продолжуваше





Во големите зими
Тој не ја оставаше сама:
ќе ја поведеше за рака
и ќе ја водеше од куќа во куќа,
ја седнуваше покрај огништата
на селаните,
за сама да ја почувствува
светлината на сопствениот пламен
низ кој исчезнуваше.

Не зборуваше Тој со планината
зборови кои траат само чекор-два;
велеше:
во огнот е скриена светлината
на создавањето
и затоа тој е – Бог!

И планината му веруваше:
божица сум,
му возвраќаше таа...

Париз,
27.03.2003

сам низ планината
листајќи ја како недочитана книга
чиј јазик го разбираше само – Тој.
Во големите зими
Тој не ја оставаше сама:
ќе ја поведеше за рака
и ќе ја водеше од куќа в куќа,
ја седнуваше покрај огништата
на селаните,
за сама да ја почувствува
светлоста на сопствениот пламен
низ кој исчезнуваше.

Не зборуваше Тој со планината
зборови кои траат само чекор-два;
и ѝ велеше:
во огнот е скриена светлината
на создавањето
и затоа ти си – Бог!

И планината му веруваше:
Божица сум,
му возвраќаше таа.





* * *

Народот, тврдеа, народот е татковина,
земјата, тврдеа, земјата е татковина,
мртвите, тврдеа, мртвите се татковина
а потоа сите заедно застануваа
пред суровото сечило на животот
и во тешки јамбови им пееја
на потомствата:

чии се гробиштата – негово е сè...

## *Нулта точка*

*На Ѓоко Апостоловски*

И оние врз кои паѓа и оние врз кои не паѓа
светлината
знаат дека секоја билка исчезнува
заедно со копнежот. И сите тие заедно
низ себеси ја проповедаат големата тајна
за чистата твар на зборот,
за блажената вода и за ужасната
топка на мракот. И ниеден меѓу нив
не се осудува да излезе од себеси.
Секој одделно во модар простор
ги населува сите свои ѕвезди
и чека на она време
кога на гранките место пупки
ќе расцутат – птици. Затоа,
ракатките тие ги врзуваат во полози,
полозите во снопја, снопјето во крстици.
Тие чуваат од лошо зашто од полошо
создадена е само вечноста:
таму, уште пред нас се Ахеронт и Флегетон,
Кокит и Стикс, Лета и Мнемосина...
Тоа е таа наша нулта точка
во која се затворени сите спротивности
и сили. И оние врз кои паѓа
и оние врз кои не паѓа ниедна
светлина – тоа добро го знаат!





## *Песна*

Отсекогаш и насекаде,
откако нештата постојат или не постојат,
крвта и огнот, значи,
песните и гуслите,
боговите и празниците,
отсекогаш и насекаде –
бесповратно исчезнувало сè.
Па сепак – ништо и не исчезнало:
Нивната Светост – Атомите, единствената неуништлива
твар на животот, која го памети и
Создавањето и сè друго што одминало –
се вечни! И ништо друго и никој друг
освен нив! И доколку само
со едно и единствено вдишување
Буда или Александар Македонски,
Исус или апостол Павле, Цезар и Антонио
внесувале во себеси над дваесет
милијарди атоми –
тоа истите тие, и невидливи и вечни
– денес ги вдишуваме и ние.

Па, како да не веруваме дека секој од нас
во крвта носи траги
и од некој свој директен предок

од некоја Голгота и како да не ја
запееме онаа песна која уште никој
ниту ја испеал ниту пак ја чул?
Одломка сме од она и вечно
и бесконечно мало кое само по себе
го изгубило сеќавањето на себеси
и сега секој саме си ја пееме
песната која уште никој не ја испеал
и никој не ја чул.







## *Проповед на апостол Павле*

Не ја разбирам таа твоја проповед, апостоле,
според која доколку видам
потомство кое исчезнува –
дека треба да се надевам?

На што, апостоле?
Кои се тие божји радости
без потомства?

# Осама

Времето што престанува доколку
налик е на она кое веќе одмина
тогаш и мојата сенка ќе исчезне
како што исчезнале и сите други
пред неа и Ти, Господи,
ќе продолжиш сам
сè до последната сабота на Големите пости,
за одново да воскреснеш,
и одново пак да се родиш, за одново
да Те распнат...

Не барам одговор, Господи, за ништо
зашто добро знам
дека и страстите се создадени
од крв и од солзи и Ти ќе продолжиш
низ нив

– Мене само осама ми треба...







Рекоа – старо е стеблото, се изнагрба,
треба да се исече.
И го исекоа, го корнеа, со копачи, со сила.

Дојдоа, потоа, да го расковаат дворот,
го исчистија од плевел, од лишај.
Посеаја цвеќе и никна цвеќата,
озелени. Само на местото кај што го
сосекоа и корнеа стеблото
не никна цвеќе. Одново расипуваа,
одново фрлаа семе – попусто:
среде цвеќата остана една голема лузна.

Рекоа: земјата си ги памети
сите свои рожби и не заборава таа
на тешките страдања.
Лузната остана за да ја преприкажува
судбината на стеблото
прерано сосечено... Во него сè уште
да ли имало живот...

Париз
29.03.2003

P. S.

Чудно, целата судбина на стеблото
се читаше на таа голема лузна
среде зеленилото...

29.03.2003
Париз

# *Старо стебло*

*На брат ми Иван*

Рекоа – старо е стеблото, се измачува,
треба да се исече.
И го исекоа, го корнеа, со копачи, со сила.

Дојдоа, потоа, да го раскопаат дворот,
го исчистија од плевел, од лишај.
Посеаја трева и никна тревата,
озелени. Само на местото кај што го
сосекоа и корнеа стеблото
не никна трева. Одново раскопуваа,
одново фрлаа семе – попусто:
среде тревата остана една голема лузна.

Рекоа: земјата си ги памети
сите свои рожби и не заборава таа
на нивните страдања.
Лузната остана за да ја прераскажува
судбината на стеблото
прерано сосечено... Во него сè уште
да ти имало живот...

***П.С.*** Чиниш, целата судбина на стеблото
се читаше на таа голема лузна
среде зеленилото...





Знаеше ти
дека петок е најсветиот меѓу деновите
зашто на тој ден е родена и првата песна
што ја запеале птиците. И знаеше уште
дека нема таква птица која пропеала
во туѓа татковина. Знаеше ти
дека има и птици – еретици,
кои откако ќе долетаа во родниот крај
слетуваа право во пазувите на девојките.
Тоа им беа нивните библиски гори
во кои научија ја ~~која~~ пееа
песната на Суламка:
изнемоштувам од љубов, возљубен мој,
трчај скокај преку ридови и гори и дојди,
положи ме како печат на срцето твое
за да доизгорам...

19.02.2003
Париз

# *Знаеше Тој*

Знаеше Тој
дека петок е најчесен меѓу деновите
зашто на тој ден е чуена и првата песна
што ја запеале птиците. И знаеше уште
дека нема таква птица која пропеала
во туѓа татковина. Знаеше Тој
дека има и птици – еретици,
кои откако ќе долетаа во родниот крај
слетуваа право во пазувите на девојките.
Таму им беа нивните Библиски гори
во кои наизуст ја учеа
песната на Суламка:
изнемоштувам од љубов, возљубен мој,
трчај скокајќи преку ридови и гори и дојди,
положи ме како печат на срцето твое
за да доизгорам...





## И

***Енциклопедијата не е знаење туку помнење***

Во овој круг песни, по ниедна цена не настојував да го насочувам текот на мојата мисла и на мојот поетски запис. Ѝ се предадов на стихијата да го запишувам или поточно – само да го запишувам она кое се корнеше од мене во околности (се срамувам од зборот што ќе го употребам) – на неподносливи страдања, на стравотни болки во коските. Јас, воопшто, болката ја ценам за најнеморален белег низ еволуцијата на човекот; за најпонижувачки симбол на човековата автентичност: Бев опседнат од овие страдања и сам во ретки мигови јас се префрлав на теми и поинакви од оние кои ме измачуваа. Но, и тоа не го правев свесно: ѝ се предавав на стихијата...

Ги запишувам овие стихови, значи, во нивниот природен тек, онака како што надоаѓаа мислата и размислата: спонтано, безмалу – автоматски. Јас тоа го сметам дури и за предност на овој ракопис.

Навраќав и на веќе од мене претходно соопштени теми и поетски варијации. Едноставно, јас ја чувствував таа потреба. Тоа ќе рече дека ниедна песна и никогаш исцело не е завршена и дека постојано има место во неа за понов и поинаков пристап. Оној кој го проследува моето творештво тоа лесно тука ќе го воочи. Тргнувам од сознанието дека ниедна од двете половинки на целото не е иста со другата. Тие меѓу себе се само – комплементарни. Како Адам и Ева; како идеално на две пресечено јаболко; како 1/2 + 1/2 = 1. Човекот, сите ние, сме во вечна потрага по нашата изгубена половинка. Литературата е она што го создава и ѝ го предава на





иднината македонското ткиво. Секој Македонец треба убаво да го осознае тоа.

Како и историјата – и болката не е разумен процес. Можеби затоа човекот и го сака она што не е – можно. Во оваа смисла тој не пишува за да ја замени својата жива реч туку поради тоа што постои несовладлива разлика меѓу човекот и напишаното: тоа е, пред сè, големата, егзистенцијална оддалеченост меѓу него и – записот. Затоа, можеби, апсолутните личности и не пишувале: Исус Христос...

Но, зошто јас кружам од болката и страдањата и сè до записот и апсолутната личност? За да се прашам себеси: имаме ли ние, Македонците, своја автентична национална и културна татковнина? Јас велам – колосална! Како ретко кој друг народ во Европа. Но, тоа е тема на мој посебен есеј... Патем, културната и цивилизациска баштина не стои скаменета во времето туку во екстериторијалната стварност. За македонската цивилизациска татковнина тоа е особено карактеристично. Затоа таа е и – неуништлива!

Европа нема своја света книга, па затоа нема и баштина. Таа има своја историја – крвава и бесконечно сурова. Азија со нејзините угнетени народи – има своја баштина и низ вековите можеше нешто да оствари од неа. Христијанството никогаш не се пресоздаде во татковнина. Последната татковнина во Европа беше орфиката. Христијанството е метафизика на личноста. Енциклопедијата не е знаење туку – помнење.

* * *

На залез на октомвриското сонце
на кафе пред бистрото Le petit journale
тројца старци готови за историјата.

Пред нив девојче го собира
попаѓаното лисје во паркчето
и си потпевнува:

Et la vie et l'amour...

Го поземам гласот на девојчето:
И животот и љубовта –
одвај едно зајдисонце...







## Atopia

Се допираш себеси и рамнодушно
му се предаваш на сеќавањето:
па во ова тело
некогаш имаше човек –
копнееше,
веруваше,
пееше...?

Сега – некаква празнина
која сама од себеси се возобновува
и шири:
Atopia,
псалмичен хаос...

Париз, 10. 02. 2003

# *Atopia*

Се допираш себеси и рамнодушно
му се предаваш на сеќавањето:
па во ова тело
некогаш имаше човек –
копнееше,
веруваше,
пееше...?

Сега – некаква празнина
која сама од себеси се возобновува
и шири:
Atopia,
псалмичен хаос...







* * *

Испружен на грб
ременот на панталоните
и јазлите на кондурите
одврзани
очи замижани
раце прекрстени
една врз друга
на стомакот
и едно вито, бело стебленце
извишено покрај мене
како свешта над глава.

Како помрачен
вежбам некаква смрт.

## *Осамено стебло*

Волшебно е да се гледа природата,
да се гледа стеблото
кога разлистува,
кога потрепеРува.
Страшно е да се поверува
дека ќе се биде тоа:
осамено стебло
на чии гранки ќе разлиствуваат
зборови...







* * *

Самиот си направив пишувало
подолго од седумдесет години
и како Башо
дури сега осознав
дека веќе вјавам на дооден коњ
и дека зад мене,
смрзната веќе,
лази мојата сенка...

## *Размисла*

Зошто ми префрлаш дека сум стар,
нели сме деца на јазикот
и нели јазикот никогаш не старее?

Ако не е така
барем да се вежам,
да си донесам нарамник дрва

за кладата на која да догорам...

Зошто ми префрлаш дека сум стар,
о, смрти,
о, sancta simplicitas,
о, едноставности света...







На полицата над огништето
светото писмо
и кон него се искачува
и сам ги отвора кориците
за да се скрие низ неговите страници
првиот плач на детето
во нашиот дом.

Да го вкусиш, просто,
светото на неискажливото:
јас многу порано сфатив
првиот плач на детето
дека е
песна над песните...

Париз
25.02.2003

* * *

На полицата под огништето
Светото писмо
и кон него се искачува
и сам ги отвора кориците
за да се скрие низ неговите страници
првиот плач на детето
во нашиот дом.

Да го вкусиш, просто,
светото на неискажливото:
јас многу подоцна сфатив
првиот плач на детето
дека е
Песна над песните...







# *Зошто да страхувам*

*На Соња*

Зошто да страхувам,
од што да се плашам

И оние кои веќе ги нема
некогаш ги гледаа
овие исти ѕвезди и врвои,
и исти молитви глаголеа,
и исти песни пееја,
и овој ист наш јазик го говореа
и иста мисла како мојава
ги опседнуваше:

Зошто да страхувам,
од што да се плашам?

## *Збогување*

*На сестра ми Марија*

Те измамило ли некогаш?
Ти подметнало ли, ти згрешило ли со нешто
стеблото? Те изневерило ли, а ти,
дојде при него, го допре, го помилува
и одвај по еден живот
– го напушташ!

Не научи ништо ти од неговата смисла
да се расте нагоре, кон сонцето,
а не – кон земјата.





## *Ало*

Понекогаш, шетајќи, низ мојата архајска епоха,
доцна ноќем ја кревам слушалката
и ѕвонам на твојот телефон. Го слушам
како се тркала,
како се мачи да стигне до мене
твоето тихо *ало,*
твоето сонливо и тркалезно *о*,
и веднаш потоа, како измамник,
како крадец, ја спуштам слушалката,
го поземам од неа
уште недоразбуденото и тркалезно *о*,
го стискам во дланките,
легнувам со него во постела,
го покривам и саноќ го милувам,
И кога помислувам дека заспало веќе
– тоа како светулка ќе ми светне во мракот
и ми се крие меѓу прстите...

Така, шетајќи низ мојата архајска епоха
и допирајќи го твоето и единствено
сонливо и тркалезно зборче
јас имам чувство дека моиве прсти
ништо друго освен тебе не паметат...

# *Јас и ти*

Јас и ти, грбом свртени,
како две стебла кои не виреат
едно покрај друго.

Ти молчиш, јас молчам,
црвена самогласка како касај
од недоцваканото јаболко на Ева,
се препречила во грлото
и сега само *ааме, еаме, иаме, оаме, уаме...*

Себеси се препрашуваш кај му згрешив,
себеси се прекорувам зошто ѝ згрешив...

Јас и ти, грбом свртени,
како две стебла кои не даваат род
едно без друго.





Врати ми го нереченото
и закотвај го покрај мене
тука, можеби, некогаш
одново ќе расцветаат зборовите
кои никогаш не ми ги рече.
Врати ми го нереченото,
прободи ме со тој црн меч,
за нешто неповторливо твое
одново да ме врати во младоста
низ која заедно со В. Хју Оден
пеевме:
кога веќе не може еднакво да се љуби
јас меѓу нас двајцата нека бидам оној
кој повеќе љуби,

Врати ми го нереченото...

Париз
15.02.2003

* * *

Врати ми го нереченото
и закопај го покрај мене
тука, можеби, некогаш
одново ќе расцветаат зборовите
кои никогаш не ми ги рече.
Врати ми го нереченото,
прободи ме со тој црн меч,
за нешто неповторливо твое
одново да ме врати во младоста
низ која заедно со В. Хју Одн
пеевме:
кога веќе не може еднакво да се љуби
јас меѓу нас двајцата нека бидам оној
кој повеќе љуби,

Врати ми го нереченото...





## *Земјата над нас*

*На сестра ми Маса*

Далеку еден од друг,
долго низ ноќта
стоиме со кренати слушалки

И само од време на време
секој од нас ќе изусти по едно *ало*
а потоа одново молчиме,
здивот едниот на другиот
си го слушаме.

Има мигови, значи,
кога нема што да се каже
па наместо тоа,
низ празната линија на телефонот,
го слушаме својот молк
кој јасно нè поучува:

исто како и небото –
дека и земјата врз себе ќе ја носиме...

* * *

Тој веќе му се радува на светиот оган
кој ги спепелува сите сеќавања,
ги осмислува сите бегства
и во прегратка со пламенот
постапно ги распознава сите
мисли и зборови кои кажуваа
дека има час во кој веќе ништо друго
не може да се случи – освен да се догори.

И онака никогаш не му обраќаше внимание
на телото, мислеше излишно е.
Сега догорува и се смее –
moritur et ridet.





## *Каменот и птицата*

Телото и душата
сами ќе се одбранат пред судот.

Телото ќе рече – душата ми згреши:
откако ме напушти, еве, лежам сега,
како студен камен в гроб...

Душата ќе рече – телото не ме издржа:
откако останав сама, еве, летам,
утка меѓу утови...

Ах, Ти, кој не стигна да ги помириш
каменот на телото
со птицата на душата...

## *Tohu va bohu 1*

*На сестра Буба*

Од зори мајка ми ја угорува фурната
и му пее на лебот по чија мирисба
и Бог се симнал за едно кравајче,
се потпрел покрај неа до фурната
и чека.

И еден знаен ветер се покажува
од ридовите и ги буди ѕвездите
позаспани во гривата на коњот.
Сега, сеќавајќи се на сето тоа,
мислиш дека сѐ е залудно:

Ниеден ветер веќе не може
да го стигне животот
зашто и самиот е само здив и ветер...

Tohu va bohu.





## *Tohu va bohu 2*

Книгите недочитани,
соништата недосонувани –
тоа ли беше животот?

Секој со своето врзопче време
нагоре-надолу, натаму-наваму,
сѐ дури не се пресоздадовме себеси
во саркофаг зборови,
во една бела тишина...

Книгите недочитани,
соништата недосонувани,
тоа ли беше животот?

# *Наш заеднички епитаф*

Овој зрак кој утринава незабележливо
навлегува во мојата соба,
легнува на постелата на која лежам,
лази по неа, се искачува нагоре
и го допира моето тело,
моите раце, лице. И јас, ете,
само во присуство на еден мал зрак
станувам друг човек –
поспокоен, посигурен...

А како и да не бидам?

Овој невин, еден и единствен зрак
кој ме осветлува и милува утрово
стигнува до мене откако претходно
допрел и милувал цели
40 000 потомства и ја памети секоја
нивна јота... Сега овој зрак
ќе ме памети и мене
и тој ќе ни биде на сите
наш заеднички епитаф...

Овој зрак, значи, значи,
кој веќе допрел цели 40 000 потомства,
еве, со светлина ме напушта и мене...





# *Париз. Сена. Крај...*

*На Паул Целан*

Ова е, конечно, тоа ветровито утро,
студено и остро. Голи стеблата,
молња со траги од звуци на виолина,
зборови нечии исправени како молитва.
И јас и Ти. Вкрстени како два меча,
прираснати за небеско камење,
пред тоа – за иста мисла.

Ова е, конечно, таа река, таа Сена,
самогласник препречен в грло,
заедно со тебе загледан во мувлата
зелена на домот заборавен.
Во него има некого што ги памети
и нашите очи што ќе ги носи
на своите прсти како прстени,
ти со синото на твоите јас со црното
на моите очи ја постиламе
трпезата на љубовта
меѓу пролетта и крајот...

Ова е, конечно, тој град, тие мостови,
тој татнеж сама вистината кога чекори
тука среде меќава метафори.
Барем еден од ова камење

кога би го кажал она што го
премолчува –
би се покажало нешто како море
среде кое одново ќе стоиш Ти –
на песната бајракот вечен.

Ова е, конечно, тој простор на крикови,
тој простор без збор... и таму
кај што се заборавив во тебе
та се пресоздаваш во моја мисла,
во мој единствен крај.







Секоја вечер излегував на прошетка
и сé сам и сé по една патека
и сé без посебна намена и повод.

И полноќум напипувам до Сена
мојот поглед ја напушта земјата,
ме напушта и мене
и почнува да плови меѓу ѕвездите...
и нешто гладно потаму
се вознемирува во мене:
малото човечко битие, горе меѓу
ѕвездите, го препознава својот
древен дом, своето древно огниште,
мојата родителска куќа...

Скопје
31.03.2003

Анте Поповски

## *Секоја вечер*

*На Милан Ѓурчинов*

Секоја вечер излегувам на прошетка
и сè сам и сè по иста патека
и сè без посебна намисла и порив.

И штотуку наближам до Сена
мојот поглед ја напушта земјата,
ме напушта и мене
и тргнува да плови меѓу ѕвездите...
и нешто длабоко тогаш
се вознемирува во мене:
моето човечко битие, горе меѓу
ѕвездите, го препознава својот
древен дом, своето древно огниште,
мојата роднинска постела...





## *Свеченоста на морето*

И кој ќе наминеше тука
ги допираше урнатините од црквичката
меѓу кои сè уште светкаа
честички од неговите молитви.
Маслинките расцветани како во некој
далечен еп
а уште подолу свеченоста на морето...

На оваа месечина уште него
кога би го видел како му ја бакнува
раката на Исус на брегот на морето,
преповторувајќи ја во тишина
својата молитва: Господи, Исусе,
сета смрт кога би окончала со мене
и со моето име...

## Ах, таа тишина

Ах, таа тишина, таа благословена
неподносливост, тој благороден мир,
по кој од очај копнеам сега
а кој цел живот ги проколнував
и мразев.

Отсекогаш го замислував
со црвени заби и канџи
и со црна ќулафка
што ни ги покрива очите.
И не се излажав...





## Доколку ме изумиш

*На Али Алиу*

И доколку ме изумиш,
доколку сосема исчезнам –
и тоа битно не е:

јагленот студен –
но тој сè уште го памети огнот
на кој горел...



## *Син на јамбови и сни*

По Адама сите умираат,
по Исуса – сите оживуваат.
Ти чиј си: Исусов, Адамов?

– Адамов и Аврамов,
син на јамбови и сни...





## *Веќе се дени*

Помислата на радосно огниште,
на мојата света дома,
го разретчува мракот во хотелската соба,
ги разместува предметите во неа,
ги забришува и ги листа книгите,
и јас тогаш станувам,
застанувам покрај прозорецот
а веднаш потоа одново се згустува
мракот и во мене и во хотелската соба,
одново предметите се враќаат
на нивните вообичаени места,
одново книгите сами се затвораат
и во целото свое значење
одново загосподарува таа atopia...

Веќе се дени, а јас неброено пати
од постелата до прозорецот,
и одново до постелата и одново до
прозорецот, сè дури сам себеси
не се фатиш за гуша
и не се обзираш што крикнуваш:
твојот крик како секавица
ја преполовува ноќта и ти

којзнае по кој пат осознаваш
дека без себеси не се може.
И продолжуваме заеднички да се проголтуваме:
ноќта мене, неа – јас.





## *Ах, тие твои сини очи...*

*На Виолета Џолева*

Чашките, небото, птиците и шетачите,
гласовите што ги слушам,
крстот на свештеникот спроти мене,
песната што се слуша од далеку –
сè е престорено во сино.

Се обидувам да запишам нешто
– ракописот син,
да проговорам нешто
– зборовите сини,
да помислам нешто
– и помислата сина.

Сини герании, сини сонети, сино вино...
Сè заради таа пуста несоница по тебе
во која самиот се откривам
и во која
душата ми е голема пустина
чие име на ниедна карта
не е забележано.



Ноќва некаде од далеку надоаѓа нечиј глас,
од некои испоснички предели
како да доаѓа, од некоја тврдина
на детството како да излегува
и постапно во тоа издолжено к-о-ој е-е-е
ти го препознаваш гласот на својата мајка.

Глас е тоа на јазик кој одамна исчезнал
и во кој боите, должината и ритамот
на самогласките меѓу нив
никогаш веќе нема да се преповтори
и слушне. Јас сум, ти доаѓа да му се одѕвиеш
на тој глас,
јас сум тоа, мајко, и сенка само
гледаш на некоја митска птица
која прелетува и павта со крилјата
пред врата да ѝ отвориш. А вратата
на твојата хотелска соба
со девет тешки греди потпрена,
со девет синџири изврзана,
со девет катинари заклучена...

[illegible]
8. IV. 2003

[illegible]





# *К-о-ој е-е-е*

*На Кочо Фидановски*

Ноќва некаде од далеку надоаѓа нечиј глас,
од некои испоснички предели
како да доаѓа, од некоја тврдина
на детството како да излегува
и постапно во тоа издолжено к-о-ој е-е-е
ти го препознаваш гласот на својата мајка.

Глас е тоа на јазик кој одамна исчезнал
и во кој боите, должината и ритамот
на самогласките меѓу нив
никогаш веќе нема да се преповтори
и слушне. Јас сум, ти доаѓа да му се одѕвиеш
на тој глас,
јас сум тоа, мајко, и сенка само
гледаш на некоја митска птица
која прелетува и павта со крилјата
пред врата да ѝ отвориш. А вратата
на твојата хотелска соба
со девет тешки греди потпрена,
со девет синџири изврзана,
со девет катинари заклучена...



Ти конечно ме бакна,
и како и овие дождови и секавици,
како и овие ветришта,
ме окова за себеси
и тоа што веќе меѓу нас се случи
сега и Бог-господ
не може да го спречи.

Но, каде си?

Ти и незнаејќи околу мене
насели две тишини:
една мала, во која те сонувам
и чекам, и една голема
во која исчезнувам.
Твојот заборав и моето заминување
сега и сам Господ-Бог
не може да го спречи.

Париз,
9. ох. 2003





# *Две тишини*

*На Оливера Ќорвезироска*

Ти конечно ме бакна,
и како и овие дождови и секавици,
како и овие ветришта,
ме окова за себеси,
и тоа што веќе меѓу нас се случи
сега и Бог – господ
не може да го спречи.

Но, каде си?

Ти и не знаејќи околу мене
насели две тишини:
една мала, во која те сонувам
и чекам, и една голема
во која исчезнувам.
Твојот заборав и моето заминување
сега и сам Господ – бог
не може да го спречи.

## *Буден лежам не заспивам*

*На д-р Милчо Мицевски*

Буден лежам не заспивам
како утка во пустина станав,
како буф меѓу урнатини,
снагата од болка ми свена,
а коските ми се исушија...
Заборавен како скршена стомна.

Но, добро е, добро,
само телото во кое живеам добро не е...





## *Три нешта*

*На внука ми Ирина*

Пред засекогаш да се поздрави
со светлината и сѐ друго што се обидуваше
да распознае низ неа,
тој слушна нечиј глас кој не можеше
да го одгатне: да не би да си заборавил
нешто да довршиш за да си бидеш
сосема спокоен?

Тој се присети дека уште три нешта
не стигнал да направи:
– да си ги бакне внучињата,
– да ги полее розите во дворот, и
– да му дотури масленце на кандилцето
кое трепкаше спроти него.

Се обиде да се поткрене од постелата
но – се откажа.

Еве, со истата душа со која цел живот
копнеам по Тебе и со истите очи
кои го паметат најскриеното во твојот поглед
јас чекам, и ќе чекам
зашто веќе влегов во безизлез
во кој треба само да се чека.
И Ти кога би ме прашала што,
што е тоа што го чекаш,
јас ќе Ти кажам дека ми е многу тешко
да се каже што но дека не е лесно
за тоа и да се молчи. Јас чекам
и би чекал сè дури не изминат и оние
кои никогаш не постоеле:
ова е местото кајшто сите ѕвезди
гледаат како чекам:
This is where all the stars bow down...

Кајро
12. 04. 2003





## *This is where all the stars bow down*

Еве, со истата душа со која цел живот
копнеам по Тебе и со истите очи
кои го паметат најскриеното во твојот поглед
јас чекам и ќе чекам
зашто веќе влегов во безизлез
во кој треба само да се чека.
И Ти кога би ме прашала што,
што е тоа што го чекаш,
јас ќе Ти кажам дека ми е многу тешко
да се каже што, но дека не е лесно
за тоа и да се молчи. Јас чекам
и би чекал сè дури не изминат и оние
кои никогаш не постоеле:
ова е местото кај што сите ѕвезди
гледаат како чекам:
This is where all the stars bow down...



* * *

Никогаш не гледав со очи
– туку со она со кое очите гледаат.
Никогаш не се искажував со зборови
– туку со она низ кое зборовите себеси се означуваат.
И никогаш не мислев со умот
– туку со она низ кое умот сам се осмислува.
Помислив: некој задоцнет брахман
прошета низ оваа страница
и исчезна некаде:
ниту со очи се гледа
ниту со збор се искажува.





## *Свеќа меѓу книгите*

*На Соња*

Цел живот го извишував својот дом
но, не со камен и вар, со чивии и греди
туку со книги:
книги извишував нагоре
книги на полици и над полици
од книги ми беа масите и столовите,
на книги заспивав и со книги се будев.
Меѓу книгите има и по некој ѕиден часовник
и секој од нив го шепотеше времето
до кое стигнале книгите
и каде продолжуваат.
И има само една свеќа меѓу книгите и часовниците,
која, кога исчезнува некој,
сама од себе се пали и догорува.

* * *

*На Георѓи Ефремов*

Цел живот залудно се обидував да сфатам
во што битно е осмислен животот,
каде е и што е тој,
и дури откако докрајчи патот
ја осознав таа вистина
дека тој е тука, точно во овие коски,
кои гризејќи се сами себеси
-го изгризаа и него.
Длабока црвена бразда на небото над
Голгота
и гласот на светлината
кој потемнува
гледајќи како се гризат коска со коска.





## Сенка

*На Марѓа*

Копнеев мојата душа да ме придружува
на сите кораби и галии
и низ сите мориња по кои пловев.
Се колнам во ѕвездите
кои веќе отпатуваа некаде
дека копнеев мојата душа да ме придружува
на сите кораби и галии
и по сите мориња по кои пловев,
но, дури сега сфатив
дека мојата душа се пресоздала во сенка,
а сенката веќе ја – нема.

# *Палаво стракче*

*На син ми Жорж и снаа ми Лидија*

Во древна кинеска вазна
сноп исушени цветови,
со долги стракчиња,
се поткренале нагоре,
ги подале главчињата
и сите свртени на една страна
слушаат светлината како раскажува
за походи небеска љубов.
Само едно стракче
беше загледано на другата страна
и се обидуваше да го префрли работ,
да излезе од вазната
да ја допре и да и се предаде на светлината
и заедно со неа да се искачи таму
од кај надоаѓаат походи небеска љубов.
Врати се при нас
не биди палаво,
кај ќе се бараме низ неизвесноста,
кај ќе се најдеме низ заборавот?





* * *

Уште малку и ќе си се вратам дома.
Оној што умрел на постелата
на која се родил –
исто како да не умрел.

Уште малку и ќе си се вратам дома...

### *Низ времето, како и сè друго, исчезнува и песната*



Низ времето, како и сè друго, исчезнува и песната. Она, меѓутоа, кое никогаш не исчезнува, е магијата на нејзиното создавање. Таа магија, секогаш и кај секој автор, е поинаква од претходните. Тоа се мигови кога раката и хартијата, низ ритамот на ракописот, непогрешно распознаваат каков плод ќе заврзат графичките симболи кои се населуваат како зрнца семе врз белината. Барем таков е мојот опит: текот на мислата и на идејата се пресоздаваат во еден дотогаш незнаен ритам, а ритамот, насетуваше Ајнштајн, е некоја заскитана цифра на семирот.

Песната, во нејзиното основно битие, е – завет, но ниеден завет нема сила сè до смртта на оној кој заветува. Конечно, и Првиот завет не бил утврден без крв. Песната е преобразено битие на нејзиниот автор кој самиот себеси се осмислува во – завет.

Овој круг песни е создаван во мигови кога при полна свест се здогледува невината, беспомошна и невидлива нишка животот кога се измачува да не се напушта себеси...



* * *

*На Гане Тодоровски*

Една црвена тркалезна самогласка
утрово ми се препречила како коска
во грлово и сега само *аам* и *еам*,
само *иам* и *оам*,
само *уам*...

Сите тие *аам*-и и *еам*-и,
се некои кревки ластарчиња, витици
кои потеруваат
самогласките во мене
за да ме потсетат дека јазикот,
наспроти нас,
е долговечно битие
кое не престанува да потерува младици
и низ постојана возобнова
да го запишува и нашето име во нив.

Не постои ништо што не е збор.
Дури ни вечноста, дури ни минливоста.
Жив остаток од епохата на создавањето
зборот продолжува да создава живи светови
наспроти пустините во душите ни.





На едно око спијам
со другото се мачам да го здогледам
тој збор, испоснички сув,
во кој е овоплотен животот
кој се пресоздал во корени
и историска скрб...

## *Јас, Антонио*

*На внук ми Анте*

Јас, Антонио, поет и отец,
христијанин и Македонец од Александрија,
ги изучував градбата и поредокот
но бестелесното и сите болести
ги одгатнував според
болестите на словата и на зборовите.

И кога дојдов до сознание
дека зборот стои повисоко од честа
и откако погледнаа во моите свитоци
рекоа дека тоа не се божји зборови
и божја мисла,
та на Собирот во Константинопол, 553,
ме осудија и фрлија анатема

и врз мене и врз моите свитоци.

И најпрво кога ги фрлија свитоците на клада
– по нив се фрлив и јас за да ги спасам.
Но тогаш одново патријархот извика
анатема! Анатема! И заповеда
од мене насила да ги симнат
крстот и расото!





Тогаш, низ пламен, јас сам во пламенот
ги фрлив и расото и крстот
но приграбив дел од свитоците
кои сè уште не беа зафатени од пламенот
и легнав врз нив,
јас Антонио,
сега стракче трева
изгорена меѓу дамнините и заборавот...

## *Предел*

*На Ефтим Клетников*

Има еден предел во кој
секому душата е море
и каде никој не пие вино
и каде никој не знае што е правда
и неправда што е никој не знае
ни што е добро – ни што е зло –
ниту пак знае сведок што е
и обвинение што. Тоа е таму
ѕвездите кај што се под тебе
и каде што секој секому
семе за стракче трева е.

Во тој предел пустошат ветровите
на Мандељштам. Во тој предел
еден црн ветер
расфрла ветер
пренесува ветер
таму ветер го однесува некаде
и донесува ветер.







Петтиот христијански собор,
553, во Константинопол,
го осуди и му фрли анатема
на Македониј, монах од Лихнида,
поради самогласките во неговите зборови
кои ги испуштале долги воздишки.

Од неизвесности составен и од осама,
Македониј ја изучувал тајната и отредокот
на бестелесното и имал дарби
да разговара само со она
кое се случувало векови и векови потоа.

МАГАН АТА, кога изникна патријархот,
Македониј си ги собра самогласките свои
во кутчето свое и рекол: одново згрешивте
– ме проколнавте но ме возгордеавте
и сега ќе ме замени следниот
кога веќе никаде не е овој
кого само вие го гледате насекаде.

Париз, 14.02.2003

* * *

*На Петре Бакевски*

Петтиот христијански собор,
553, во Константинопол,
го осудил и му фрлил анатема
на Македониј, монах од Лихнида,
поради самогласките во неговите зборови
кои испуштале долги воздишки.

Од неизвесности составен и од осама,
Македониј ги изучувал градбата и поредокот
на бестелесното и имал дарби
да разговара само со она
кое се случувало векови и векови потоа.

MARAN ATA, кога извикал патријархот,
Македониј си ги собрал солзите свои
во крпчето свое и рекол: одново згрешивте
– ме проколнавте, но ме возгордеавте
и сега ќе ме замени следниот
кога веќе никаде не е оној
кого само вие го гледате насекаде.







* * *

На истото место кај што век и пол подоцна
ја соѕидале Αγια Σοφιας
лежи султанот Бајазит Втори
кој загледан во летот на своите соколи
подарени од Норвешка
копнеел
качен на бел коњ,
украсен со златни узди и узенгии,
да се види себеси
како влегува во катедралата Св. Петар
и како се упатува право кон олтарот
во кој да го одмори својот бел коњ
и тука да го напои и назоба...

И, Европа дури им се потсмеваше
на неговите соништа
да го испади Исуса од црквата,
Бајазит, со висок турбан и ретки дијадеми
на главата, добро знаеше
дека пропаѓа секоја мисла
која престанува да се движи
и затоа извика: вие, Европјани,
не плашете се од мене
туку од моите соништа
и од мојата упорност плашете се...

И навистина, по многу векови,
Бајазит влезе во Европа и сега
сека ноќ е на прекрасна прошетка
низ дивните џамии на Берлин, Париз, Лондон...





МАСАДА 73

Света трпеза пред пештерите
во каменарот над Мртвото Море
постлана со ленени простирки
и со безброј земјени ~~тајници~~ паници
полни со плодови
риби вино и печен леб

И птици поседнати на трпезата
и исушени костури на востаниците
и мајки деца старци наоколу
кои опколени од римските легиони
немаа друг избор освен до последниот
да изумрат но да не се предадат ...

И врз трпезата на плоча запишано:

~~[illegible]~~ Легии, добродојдовте на трпезата ~~легии римски~~
што ја оставивме да ви остане
дека ние не умревме ниту за вера
ниту за леб ниту корав

Честа што се обидовте да ѝ ја одземете
на татковината ни ...

Париз, 15.02.2003

# Масада 73

Света трпеза пред пештерите
во камењарот над Мртвото Море
послана со ленени простирки
и со безброј земјени паници
полни со плодови
риби вино и исушен леб

И птици поседнати на трпезата
и исушени костури на востаници
и мајки деца старци наоколу
кои опколени од римските легиони
немале друг избор освен до последниот
да изумрат но да не се предадат

И врз трпезата на плоча запишано:

Легии, добродојдовте на трпезава
што ја оставивме да ви појасни
дека ние не умревме ниту за вода
ниту за леб туку поради

Честа што се обидовте да ѝ ја одземете
на татковината ни...





# *Sacra populi lingua est*

По големата погибел на Евреите
на Масада 73,
Хадријан пристигна во Атина,
му принесе жртва на својот бог,
ја бакна земјата под Акропол
и извика:
sacra populi lingua est.

Сега, од големата библиотека
што ја изгради Тој
останал само еден изгорен столб
поцрнет и од времето и од огнот
и сенка на голем коњ се ниша
меѓу урнатините.

На коњот сè уште стои неодврзано
седлото на императорот
сосе попрази и сосе узенгии,
и голем свиток стои во торбата –
испишан со ракопис на Хадријан –
sacra populi lingua est.

Добро знаел Хадријан
дека има еден црн ветер

кој доаѓа од една густа дамнина
и кој никогаш не може да го стигне
– животот. Тој ветер раскажува
дека светоста на народот е јазикот
и дека камењето сега раскажува за него.





* * *

Аларах демне зад Алпите
и чека Римјаните да му го донесат златото.
Насетувам знаци, велеше,
кои повикуваат на песна. Запејте!
И запејаа:
високо црвено ѕвоно
што гиниша Алпите. Пејте,
извикува Аларах и распознава
во подножјето тројца старци
како се искачуваат кон него.
Пејте, извикува одново и тие пеат
сѐ дури првиот старец не изусти:
Аларах, Римјаните не даваат
ни петаче злато. Милиони Римјани
ќе го бранат градот!
Чесно е тоа, рече Аларах:
колку погуста нива – толку побогата жетва...

И навистина: само по неколку дена
Рим прилегаше на една бесконечна клада
Останаа само неколку коњи на Аларах
и песната на неговите варвари
дури беа живи:

Високо црно ѕвоно скриено во заборавот!

* * *

Flagellum Dei,

Јас, Атила, Малиот татко на Хуните,
дојдов да ги растресам сите народи,
да ги бичувам сите земји и сите
морива и брегови,
да ги спепелам сите градови,
да ги разурнам сите мостови,
да ги уништам сите семиња и плодови,
да ги убијам сите жени –
од мојата Ата почнувајќи...

Јас, Атила, снизок и со голема глава,
со ситни очи, со ретка брада
и со сплескан нос,
не знам ни да читам ни да пишувам,
но војните, ограбувањето и огнот –
многу ги сакам. Не сум изгубил ниедна
војна, не сум изгаснал ниеден оган,
не сум простил ниеден грев, сеедно
што за семе на моите гревови
ме сметаат мене.

Јас, Атила,
собрав над петстотини илјади војска,





кој од кого посуров и побезмилосен,
испозаклав стада и стада животни
на кои им беше одрана кожата
за илјадниците тапани
и со години и години цела Азија
ткаеше платно за знамињата,
потреперуваа под моите нозе Алпите...

И се сурнав потоа на Sirmium,
на Singidunum, на Naisa, Sardica,
а од тука и – Константинопол
и уште копнеев и Троја да ја видам.
А луѓето како луѓе: веруваат дека
варварите доаѓаат ноќем
или пред да падне мрак!
Вратите затворени, козите прибрани,
децата растат низ нивните соништа.

Доаѓаат со бајраци и со труби и
преповторуваат:
сите ние веќе по трипати бевме мртви...
Висевме на овие стебла, а Земјата
има големо сеќавање и на мене
и на моите војски. Мене ме паметат
по гласот: искри светкаат
кога ќе заповедам ова да се направи,

она да се ограби или разурне.
И јас сега сето ова ви го кажувам
вам, зашто веќе само вие останавте
и нема други на кои да го раскажувам
сето ова. И јас сега, навистина,
не можам да сфатам
што е тоа толку страшно
ако се изгуби животот од Атила?

Атила за тоа е и дојден на земјава
и за ништо друго. И во право се оние
кои тврдат дека луѓето веќе
навикнаа и не можат без нас,
нè чекаат сонцето како што се чека,
да го запалам огнот
зашто не паметам еднаш кај и да било
да се раздени, а јас да не запалам
оган на кој да не горите
повеќето меѓу вас. Пожарите се мои
зборови, мој говор, зашто нема ништо
почесно од огнот! И единствена
вистина е сето ова,
единствена жива вистина чекори
меѓу вас како виор и како ноќта
што е мрачна наметка
на мојот порив.





## *Одговори*

Откако засекогаш го избриша она
што го запишал во песокот пред себеси
го прашаа што напишал а Исус
им одговорил: јас ништо ниту запишав
– ниту избришав! И тоа што е избришано
најпрво било запишано во вашите
сопствени пустини
та одговорот во себеси побарајте си го.

## *Мрамор 1*

Оваа светлина која поучува
како најотворено да се разговара
со себеси,
упатува на оние карпи, на оние камењари
кои доколку подолго ги гледаш
ќе забележиш дека и не е така
тешко да се стане и камен!
Дури и – мрамор!

Сѐ зависи од отвореноста со која
се разговара со себеси
и готовноста
да се воспримаш и како камен...







## *Мрамор 2*

И без да сакаш ти веќе
влезе во едно грдо време во кое,
загледан во оние исконски карпи
на твојот роден крај, ти осознаваш
дека и не е многу тешко
да се стане камен; бигор и мрамор,
дури. Сѐ зависи од отвореноста
кои себеси, од искреноста
со која ја прифаќаш или не –
вистината која те опкружува и која има
големи, крупни очи кои гледаат
и отаде невидливото. Кога ќе се случи тоа
ти тогаш ќе можеш да речеш: камен си,
светот израстува и врз твоите урнатини...

## Anno MMIII

– Јона, Јона, изгореа нинивјани,
во пепел се пресоздава Нинива,
дај помогни им на кутрите, посади им
стебленца, за во сенките нивни
да се тискаат, да се подзасолнат луѓето.

– Стеблата, Господи, што им ги посадив
бујно заврзаа но за час изгореа...

– Јона, Јона, не е доволно само да ја слушнеш
мојата заповед туку и да сакаш
да ја споделиш љубовта
зашто без љубов на оној што ги сади
стеблата – не траат...

– Но, чесно говорејќи, Господи,
јас ги намразив нинивјани
поради нивната непослушност...

– Јона, Јона,
веднаш до земјата на омразата
е и земјата на правдата
и не е твое да мразиш, Јона,
туку да слушаш. Твојата омраза
е немоќна,
божјата, само, има значење на пепел
и црнина...





## Гранче чесно дрво

*На Н. Врешакос*

Нѐ зеде за раце, нѐ однесе во фурната
и рече: ќе легнувате и ќе се будите
и така ќе растете низ благородната судбина
на лебот. И одминуваа години...
Тој ќе ја наредеше фурната,
ќе ја угореше, ќе го замесеше тестото
и ќе го оставеше да се зори.
Ќе го завиткаше, **потоа**, во ленено цедило,
а потоа ќе си го земеше пагурчето,
ќе седнеше покрај нас во постелата и ќе си запееше:
прати ми во писмото
малку од твојот глас,
да го носам со себеси
зашто твојот глас е гранче чесно дрво...

# Јас, Лука

Јас, Лука, монах од Вапа, запишав:
Пред мене, најстар меѓу монасите,
пред легнување застануваа сите монаси
и не толку да ми бакнат рака
колку да видам кој до кое
господово скалило дотерал,
убаво распознавав
кој најбрзо при Господа ќе стигне
и санок буден
јас своите соништа на оној му ги дарував
на кој светлината на првата ѕвезда
веќе го допрела.

Пред мене сите монаси застануваа
зашто на земјата
мртвите меѓу живите ги баравме.





Два бели коњи, едниот на Буда
и другиот на Мухамед,
и меѓу нив ослепот на Исус,
секој стоеле врзан за одделно стебло.
Разраснати им се копитата
у [illegible] камења
од бескрајните друмови на искушенијата.

Умирајќи, Исус, секој со своја молитва
ја возвеличува [illegible] или [illegible],
сѐ дури Буда не го довика Исуса
да му каже дека преминува
по дека не ја открил тајната
на времињата. По некој век
и Исус го довикал Мухамеда
соопштувајќи му го истото.

# *Тајната на преминот*

Два бели коњи, едниот на Буда
и другиот на Мухамед,
и меѓу нив ослето на Исус,
секој оглав врзан за одделно стебло.
Разранети им се копитата
од острото камење
на бескрајните друмови на историјата.

Утринум, ноќем, секој со своја молитва
ја возвеличува смртта или животот,
сè дури Буда не го довика Исуса
да му каже дека преминува
но дека не ја открил тајната
на преминот. По некој век
и Исус го довикал Мухамеда
соопштувајќи му го истото.







# *Химна на животот*

Семето на својот врат си го носи
клучот на животот
кој ќе го проживее откако претходно
ќе никне од себеси
за големите искушенија низ кои
допрва ќе минува –
тоа никого и ништо не прашува.
Семето добро знае:
ако тргне кон своите – своите веќе
оджевеале, ги нема,
за да тргне кон себеси –
и самото треба да исчезне...

Знае дека никој толку гревови
не може да направи
за повеќе од еднаш да умира.
Стегна заби,
влезе колку можеше подлабоко
да се влезе во земјата,
се накостреши, се наду и – распука!
Ништејќи се себеси и тоа му ја испеа
најубавата химна на животот
во кој штотуку влегуваше...

# *Птици се тоа*

Птици се тоа
кои се хранат
со трошки сончева светлина и време
и на Преображение
љубат мирис на печено лепче.
Птици се тоа собрани на миса
– се чита евангелието по Лука,
и на местата пред да се рече Амин
тие заедно и тихо запејуваат.
Гласот им светка со светлина од Создавањето
и слушајќи ги си велам:
Не продолжувај никаде,
скриј се во нивниот глас
и низ него
исчезни.
Не продолжувај,
доколку господ веќе ставил
точка
на сè.





* * *

Кон залез на птиците помислувам
кои ја исполнуваат квечерината на Париз
со едно високо *це,*
со огнена и портокалова светлина
како од времето на Матеја
кога ги пееле псалмите.

И на птиците – еретици, помислувам,
кои слетуваат право во пазувите на жените
и во нив заспиваат
како во библиско горје.

И санок само на птиците помислувам
со питагорејски молк:
оние кои никогаш не запеале
во туѓа татковина.

Една од овие птици
чука со клунчето на прозорецот
и вели: ќе си запееме,

заедно ќе си запееме...

* * *

Одново на птиците, помислувам,
на грлицата, помислувам,
која никогаш на својот возљубен
не му ја засенува честа туку,
доколку се случи низ животот
да остане без него, сама,
пак низ цел живот ќе ја брани
честа на љубовта: таа никогаш веќе
нема да застане на зелена гранка
да запее и никогаш веќе
нема да се принапие бистра вода.

Да се живее со честа
значи да се прави јаглен од себеси
со кој да се рисуваат иконите...





* * *

Одново на птиците, помислувам,
на полското трнарче, помислувам,
на тоа одлучно и полетно пиленце
на македонските полиња
кое не знае за кафезот.
Доколку, пак, тоа воопшто и се случи,
доколку пилето се најде меѓу решетки
– првата грижа и на неговите родители
и на сите птици од неговиот род
ќе биде
која од нив побрзо да му принесе
стракче отровна тревка
која да ја фрли во кафезот!
Тогаш јато птици од неговиот род
се собираат покрај затвореното пиле
и дури колве тоа од отровот –
јатото запејува како
хор од древната македонска епоха.

Птиците не ѝ пеат на смртта туку на својата слобода
и достоинството, и на честа
на своите предци им пеат
кои ги научиле на оваа горда песна
и на сознанието дека во животот
само смртта се мери со честа.

Му пеам на трнарчето и си помислувам
на мојот кафез на Edgar Quinet
на Montparnasse: Не помислувам на
туку на песна на моите другари, помислувам
– таа можеби да ме оздраве...





* * *

*На Вера Кузмановска*

И одново на птиците помислувам,
на полската чучулига, помислувам,
која уште при прв допир со болен човек
распознава исцелимо од неисцелимо.
Откако ќе погледне во болен човек
таа никогаш веќе нема да го симне
погледот од оној кој брзо ќе заздраве
и никогаш веќе нема да погледне
во очите на оној на кого му нема спас.

Ах, таа волшебна птица на радоста
која на животот му се свети –
живеејќи го!

# *Метонимија*

*На Иванка*

Со години и години и откако го сосекоа
до корен стеблото во дворот
секое утро тука долетуваше птица
и застануваше во воздухот
кружејќи точно на местото
каде што во круната на некогашното стебло
беше свиено нејзиното гнездо.

И долго кружеше птицата,
наслушуваше нешто, се занишуваше
во воздухот како што некогаш
се нишаа и гранките сосе гнездото
а потоа ќе откликнеше и ќе полеташе
во насока во која некогаш
полетуваа и нејзините пилци.

Какво ли тоа завештание
запишал животот во нејзината крв
па сега птицата се сеќава
на песната на нејзините деца
и колве заумни трошки од светата трпеза
на стеблото кое веќе го нема...

Се сеќава, памети птицата
пустошат околу неа сега
кога беше живот...





* * *

Црно, како од рофја јагленосано
кученце, потскокнува, ’ржи,
слушаш како му зрее семето,
и како му се приближуваш –
сенката на детето некогаш што си играше
со него – исчезнува. Што се случи,
каде е детето скриено во ова писмо?

## *Писмо напишано со камејна*

*На М. Цейенко*

– Господи мил, та нели ука Ти немаше
и нели писмо не знаеш Ти
а велиш писмо ќе ви напишам?
А како пишуваш писмо, златен Господи?

– В рака земам една планина
ја превртувам два-три пати
и ете ти писмо напишано со камејна
кое никој, никогаш, никаде и со ништо
нема да го избрише...







Островите како храмови
се извишуваат над морето по кое пловам
а јас копнеам само по еден од нив
на кој да се прибере мојот народ
кога само бесконечноста, морето и ѕвездите
да му бидат граници

и да гледам утрините
секој со цвет в раце
како фисеци кршливи светилки
зашто само тие ќе ги изродат
моите предци
чија адреса е запишана во Светото писмо.

О, потомци,
островјани на бесконечноста,
љубовта кон вас ќе трае нераскинлива,

Париз
20. 04. 2003

## *Крстици светлина*

Острови како храмови
се извишуваат над морето по кое пловам
а јас копнеам само по еден од нив
на кој да се прибере мојот народ
та само бесконечноста, морето и ѕвездите
да му бидат граници

и да гледам утринум
секој со срп в раце
како жнее крстици светлина
зашто само тоа ќе ги израдува моите предци
чија адреса е запишана во Светото писмо.

О, потомци,
островјани на бесконечноста,
љубовта кон вас нè прави неранливи.





* * *

Немало потреба да се мачиш и да ми
пишуваш, сине,
зашто мајка, како Исуса, писмо не знае!
Но каде и да си и зошто и да си
мајка тоа добро го знае:
на сонот ми доаѓа една убава птица
и само удира со крилјата на нашата
стара порта, само удира...
Сонот ми вели брзо ќе ми се вратиш,
брзо...

## *Ништо и – никого*

На сонот ништо и никого
и некаде пред зори, само, гласот
на мајка ми која одново ме поучува –
ќе боли, ужасно ќе боли тоа,
но ти слушај ја мајка:
секогаш боли мртвото кога оживува
тоа мајка убаво го знае.

И низ сонот ништо друго и – никого...







## *Секој саме*

Има една песна што уште никој не ја чул,
има една песна што уште никој не ја знае,
тиха, црна, морничава...

Има една песна што уште никој не ја испеал
но еднаш сите ние секој саме ќе си ја испееме
секој сами ќе си се – отпееме...

Има една песна која уште никој не ја чул
зашто е тоа само твоја песна.

## Грутче јаглен

*На Еуген Жебелјану*

Еуген, о Еуген, некогаш
од ова исто бистро се упати кон морето
со искривен чун за да си ја влечеш
сенката зад себе. Погледни ме,
рече тогаш, и запамети ме,
и сè што правеше потоа –
го правеше со рака на срцето.
И кога пишуваше и кога зборуваше
раката цврсто го стегаше срцето.
Погледни ме и запамети ме, рече
би изгорел за да се престорам
во обично грутче јаглен –
но денес и на јагленот не му веруваат.

Од ова исто бистро се упати кон морето
со искривен чун за да си ја влечеш
сенката зад себе...







## Сјаен потпис на остра веда

Сјаен потпис на остра веда
на париското небо
а душата ме моли да прошетаме,
да подизлеземе,
а каде, прашувам, каде
по ова невреме, по оваа луња, каде?

Душата моли а ти и телото твое
одбивате да ја придружите,
да прошетате...

И еден сјаен потпис на остра веда
на париското небо...

* * *

Привршија сите крстопати на земјата
на кои, пред да продложиме, застанувавме
како вкопани пред неизвесностите
што ги таеја тие. Пред најтешкиот
крстопат сега стојам:
оној во мене, кога повеќе
не одлучувам јас! Оттука веќе нема
каде: сите насони се вкрстуваат
во точка отаде крајот:
секое распатје – распетие...





– Конзуле, конзуле,
заробени ни се војските,
одново кренаа глава македонците...

– Оставете ги војските
мене од љубов ми отиде крвта
на брегот на ова окрвавено море
на македонската земја...

– Конзуле, конзуле,
заробени се војските на империјата,
фрлени нејзините знамиња...

– Оставете ги војските,
знамето на мојата љубов спасувајте го,

## *Знаме на љубовта*

– Конзуле, конзуле,
заробени ни се војските,
одново кренаа глава Македонците...

– Оставете ги војските
мене од љубов ми полуде крвта
на брегот на ова подивено море
на македонската земја...

– Конзуле, конзуле,
заробени се војските на империјата,
фрлени нејзините знамиња...

– Оставете ги војските,
знамето на мојата љубов спасувајте го.





## *Црвојадина*

Во пролетен самрак
монах ги благослови луѓето кои влегуваат
во храмот во кој, освен светлината
во нивните очи, ниедна друга
не продрела. Друг монах, пак,
ги изделува дрвјата за големиот оган
пред празникот. Гнилите и од црвја
нагризани дрвја ги фрла настрана
зашто не е гордо црв да гори.
Пепелта ја чува невиноста
само во она што не е начнато
од подмолни нагризи налик на
црвојадина.

Огнот во нас – постар од сите огнови
донесени од небото, добро знае
дека болното тело оживува
низ огнот кој ништи.
Но на кој оган да гори моето тело
фрлено меѓу дрвјата нагризани
од црвојадина?

## *Кога си далеку*

Кога си далеку, пролети утринум
се покажуват ветрови кои умеат
да гатаат, ќе те допрат,
ќе те помилуваат,
ќе ми ја поземат раката
и ќе ни речат: еве, сега
ќе ти се јави мајка ти.
Знае таа љубовта кон тебе
дека те прави неранлив.

На Големото заминување –
мали се сите неба...







Отклукнува птицата
меѓу отсјајот на секавицата
и есенската грмотевица над Париз.

Одново отклукнува,
ме прашува каде си, што си
а јас, загледан во неа,

Бог дури ми го отплакнува лицето
со нејзината света вода,
и возвраќам:
Еве сум; огреав и зајдувам во зборот...

Париз,
14.02.2003

* * *

Откликнува птицата,
меѓу отсјајот на секавицата
и есенската грмотевица над Париз.

Одново откликува,
ме прашува каде си, што си
а јас, загледан во неа,

Бог дури ми го оплакува лицето
со неговата света вода,
ѝ возвраќам:

Еве сум, огреав и зајдувам во зборот...





## *Си легна со зборот*

*На син ми Александар и снаа ми Мирјана*

Не е тој тука,
замина.

Врз неговата ленена кошула
отсјај на фригиски. вокали
и селаните, дењем-ноќем,
уште собираат
остатоци од неговите зборови.

Копнееше своите соништа
да бидат прочистени од уништувачки оган,
му беше допуштено сè,
но тој не допушти
ништо да завладее со него.
Си избра трогателна постела
и си легна со зборот
и сега никој не знае
дали молчи или – сонува.

Не е тој тука,
замина.

* * *

Во пределот меѓу два збора,
во преминот од едниот до другиот
е крајот. Тишина претходи а потоа
со мојот мајчин јазик
сраснат за мене како близнак
заедно ќе ја паметиме
оваа светлина –
нашето место на раѓање.





# У

## *Не им завидуваме на предавствата*

Не им завидуваме на предавствата. Немаме големи пориви, знаеме дека судбината нема некаков спирален тек, туку дека е едно неумитно преповторување на погибелни циклуси. Години и години живеев во прелага дека добро ја познавам психологијата на нашиот човек, и по многу искушенија и самиот дојдов до сознание дека ни е судено да се остваруваме во јазикот: некој беше рекол дека врз јазикот сум прикован како разбојник на крст. Не им завидуваме на предавтсвата кои се нафрлаат, пред сè на јазикот.

Потомства и потомства на мојот народ исчезнувале уверени дека еднаш ќе живеат. Оние кои владеат наследници се на сите претходни победници. Ужасната врска на коренот говори дека не владее поразениот, но дека и победникот и поразениот имаат автобиографија на големи страдања, и секој на свој начин: секој светец има своја карактеристична брада и одежда. Што ако не јазикот и кој ако не поезијата, барем до некаде, не и обезличи страдањата. Да не изумуваме дека некогаш, точно низ овие предели во кои раснеле и исчезнувале потомства и потомства, Орфеј минувал тука и им пеел и на срекните и на несрекните. Но што е тоа, си помислувам, што ги охрабрувало потомствата да се откажуваат од себеси – меѓутоа да се љубат. Знаеле ли тие дека човекот во кој не постои љубов си го одзема себеси она што го нема? Знаеле ли тие зошто не се плаши оној кој љуби? Во својата семантика љубовта како волја за живот е очајна и мрачна потреба, а омразата не е единствената антитеза на љубовта. Љубовта е чин на надежта и оној кој не верува – практично не љуби. Духот на оваа почва, конечно како и сè





друго, расте – нагоре. Цел живот копнеев песната да се сврти само кон љубовта. И кон страдањата, се разбира. Цел живот копнеев да воспоставам едно рамновесие низ љубовта да израснува јазикот на мојот народ како надеж, како вера дека она што доаѓа е вистинското по кое копнееле оние кои како единствено наследство ни го оставиле – јазикот. Ние сме народ чија адреса е запишана во Библијата. Ниеден друг народ на Европа не може да се пофали со тоа. На таа адреса живеел Духот и Истокот. И, ете, нашиот народ. Затоа, нашите храмови не се како свадбени постели, затоа нашите сеќавања не се сеќавања на сè и сешто, туку на она кое не може да го прескокне ниту една историја: Не случајно се повикуваме на Орфеј, неслучајно се повикуваме на Троја и на нејзините јунаци од пајонската, македонска земја, неслучајно се повикуваме на Александар Македонски и на сето она кое произлегува од основниот морал на вистината. Имагинацијата, тврди Ајнштајн, е позначајна од знаењето. Ф. Мајер ќе додаде дека „склоноста кон утопија низ вековите може да се објасни како природна склоност на човекот да се воздигне над историскиот момент". Бернард Лоун, пак, вели: „Затоа, само оние кои го гледаат невидливото – можат да го направат и невозможното". Можеби токму во оваа смисла треба да се протолкува специфичноста и осаменоста на македонскиот историски простор кој со сета своја историска густина како да е предодреден – за утопија.

Народот на тој историски простор како да не сака да осознае кој бил и што бил, кој е и што е. Овој народ небаре

заборава дека денес сите народи како да се на маргините, зашто, всушност, не постои центар! Се мачам да ја чујам пораката на големите камени блокови на Мијачијата, се мачам да сфатам како свеста се пресоздавала во материја, но материја – која тихува! Само Египет умееше да остане со отворени очи и во смртта. Го допирам цвеќенцето на реверот на мојот внук, го земам тој цвет и се мачам да запишам нешто со него. Тоа е некој чуден глас кој ме упатува да ја чујам, пред сè, пораката на точката, а потоа и на сè друго.

Пеев во осама. Пеев и за толпите и за осамениците. Пеев уверен дека она што го пеам на ниеден друг јазик не може да се испее освен на јазикот на големата судбина на Македонците. Тие, чија адреса е запишана во Библијата, кријат некоја тајна за иднината на светот: зашто тие се сеќавање на свеста, на вековите кои одминале. Оган – кој не изгаснува.





# *Ги одбираше Тој зборовите*

*На Јасмина Шопова*

Ги одбираше Тој зборовите, ги лачеше
еден од друг, ги довикуваше од просторот
од тишината и од вековите,
од облеката и од празниците, од сите
пештери и од сите жетви ги собираше,
им се умилкуваше, ги галеше, им шепteше,
ги средуваше во мали врзопчиња,
ги подучуваше и им се подналутуваше,
им зборуваше и им појаснуваше
дека за сите нив има голем порив
да ги разигра, да им открие поинакви
и поинакви значења за да не
талкаат расфрлани и неразбрани
низ сечија свест и низ сечии копнежи.
Не прилега вие да се дружите со секого
и насекаде, зашто вие не сте како
обичните созданија и безразложна твар.
Вие сте духот на logos-от.

Ги одбираше Тој зборовите, ги лачеше,
ги средуваше и со голем страв ги допираше
оние меѓу нив низ кои се насетуваше
беспризорно мрачната боја на крајот.
Тоа е така, помислуваше,
зашто без вас почеток нема
но без вас нема ни – крај...

## *Зборот има големи очи*

Долго се загледуваше
де во свешникот со запалени свешти
де во некој стих од Пловидба во Византија
на В.Б. Јејтс. Му пречеше поради нешто
сенката што ја фрлаа запалените свешти
и се определи одново за светлината
на зборовите и забележа
на нивната светлина –
неговата сенка веќе исчезнуваше...
Зборот има големи очи, помисли,
тој гледа далеку зад себеси...





## *Возврати барем збор*

Насмевни се, поземи ја мислата
очиве мои што ѝ ја кажуваат на твоите
и легни крај мене. Зашто добро знаеш
дека секој миг може да биде и последен.
Насмевни се и возврати барем збор
со очиве мои од твоите да го поземам.

## *На ’ртулецот да му запееме*

Си помислува тој на оние кои цел живот
само копаат и прокопуваат,
само ораат и ја преоруваат земјата,
и се прашува: што копаа и што копаат
тие, што ораа, што бараа од вековите,
на што се надеваа, по што копнееја?
Да не да ѝ додаваа нови стебла
на горатa, да не му додаваа
нови ѕвезди на небото?

Стои тој во сенката на големото име
на својот народ, знае: полека мелат
божјите воденици, побавно штрака
штичката над левакот, полека се
истура плодот врз каменот, и знае тој
дека при ова се вели:
дајте да запееме за поголеми нешта,
да ѝ запееме на семенката,
на жртулецот да им запееме,
на она кое нѐ продолжува
да му запееме
зашто тоа ги содржи сите облици
низ кои ние, нивното потомство
минуваме.





Семенката не памети суден ден
со кој се заклучува нејзината историја.
Затоа, да ѝ запееме на семенката,
да им запееме на оние
кои само копаа и прекопуваа
и кои сѐ подлабоко ја сокриваа и
заштитуваа иднината.

## *И предци и потомци*

*На Јордан Плевнеш*

Ноќва, вкопан во плочата на Сахара,
во нејзините црвени африкати,
осознавам дека има земји
претерано неми,
во кои нема што да се откопа –
ни коска, ни писмо, ни прстен,
осознавам, значи,
дека има претерано неми земји
кои сами себеси си се кучиња – чувари.

Во нив отсекогаш сè што е родено
е живо и затоа нема и што да се
откопа: луѓето таму во крвта си ги
носат предците
па затоа и не веруваат во одминливоста,
самите себеси си се и предци и потомци:
нанижани во долги низи црвени африкати,
огнот во нивните колиби ги ништел
сите нивни платони и исуси, бетовени и целани,
па точно затоа тие
и сè му доверуваа на зборот:
сите нивни пориви и тајни –
зборот ги префрлал преку вековите.





Минатото не е спомен, проповедаат тие,
туку матка во која зачнуваат и ѕвездите
и дека тие се таму
кај што се љуби и – размножува.

Луѓето таму се и предци и потомци...

## *Големиот камен*

Големиот камен запретан во огништето
крај тланикот. Удираш со жегол по него
а од него се будат и полетуваат искри
во мракот... Одново се загледуваш
во каменот и постапно
според нешто препознаваш
дека тоа е тој ист камен
со кој твојот дедо фрлал по крстоносците:
на бели коњи, со жолти,
небесни и црвени бајраци,
со копја и штитови. Врз еден од нив
името на Фридрих Барбароса...
Виштат, топотат чужди коњици
долж езерото, околу тврдините на
Асамати и Пелагонија. Удираш со
жеголот врз каменот – а од него се будат
и полетуваат искри во мракот. Доказ
дека сето тоа е така.

Самува сега Големиот камен
запретан во огништето крај тланикот
– тајна врата низ која одминуваат
ветровите на историјата. Препознаваш





во него нечии живо запретани зборови
во пепелта.

Големиот камен, тој,
кој ја прицврстува душата на предците.



* * *

Несфатливо брзо и полетно движење на зборовите
како млади дивојарци разиграни по карпите
и бавната, трома мисла
која заостанува зад зборовите
и се крие низ јазикот.
Ах, тие млади диви јаренца
кои скокаат од карпа на карпа
и од ѕвезда на ѕвезда
– барајќи ме.





## *Ах, тој молив, човек во човека*

*На Јован Павловски*

Кога ќе докрајчи моливот,
кога ќе снема сили никакви траги
да остави зад себеси,
човек не треба ништо да му зборува,
ништо да му доверува.
Дури беше силен моливот –
тој и душата своја ја пресоздаваше
во значења и знаци и тој тоа
го правеше со големи пориви,
со голема жар:
уште недозапишан претходниот –
тој од твоите усни го читаше и поземаше
веќе наредниот збор,
го обликуваше покрај другите
и им го оставаше во наследство
на времињата и незнајното.

Сега, засекогаш тој ќе ги изуми и сите
имиња, сите адреси, алегории.
Јатката на моливот, сите мои копнежи и тајни
ги пресоздаваше во зборови и таа нејзина
дарба е дело на голем и свет оган,
низ кој се топела и претопувала нејзината
света твар, сè дури низ тој оган

и самата не се пресоздала во мое
сеќавање.

Ах, тој молив, човек во човека,
со кој единствено ги споделував магиите
и тајните за песната и кој бележејќи
ја песната – сè повеќе ме подмладуваше,
сè дури и од неговата лична судбина
не осознав дека никогаш иднината
не треба да ја поврзуваш со себеси.





## *Душа на душата*

Допираше сè што постои –
икони, камење, билки,
сите нешта и светови ги допираше.
Осознаваше дека во душата се населени
и оживуваше нешта кои тој потоа
ги пресоздаваше, и допираше сè
што беше создадено од Бога или од него.
Единствено што не можеше да допре
беше зборот! Во зборот
живи се спомените на големите преобразби
зашто зборот е излез
од темниот заборав на материјата
и душа – на душата.

## *Долго се загледуваше*

*На Атанас Ванѓелов*

Долго се загледуваше
де во свешникот со запалени свешти –
де во неколкуте зборови запишани врз
листот пред него.
Му пречеше поради нешто
сенката што ја фрлаше свешникот,
го изгасна и се определи
за светлината на зборовите:
на нивната светлина
неговата сенка веќе исчезнуваше.





## *Нѐ учеа*

*На Здравко Ќорвезироски*

Нѐ учеа дека светлината
е првата песна што е испеана
и дека ние, луѓето, сме првите
што сме ја чуле неа. И како што
секоја светлина
во сенката своја се потврдува
така и зборот – во молкот.

И никој уште не знае
што побрзо престанува:
светлината или пак – зборот...

## *Крстот на времето*

Зашто од невидливото ги цртав своите сознанија
сиот мој порив беше да се пресоздадам во збор.
И по долг пат би можел да кажам
дека глаголот во песната е проколнато нешто,
тоа се брутовите кои го држат распнато
телото на песната
врз крстот на времето.





## *Ad patres, ad patres*

Има еден коњ,
скока од рид на рид
и од век во век,
ноќем вишти под ѕвездите на Азија,
утринум гребе, раскопува,
ги буди оние на чии бедра вземи
сè уште болскотат
нивните сјајни мечови
и го раздиплува
големото македонско писмо –
како единствена насока на Европа
кон Исток.

Земјата има големо сеќавање
и не случајно и Хлебников ќе извика
за руската и македонската патека на светот
кон Исток. Ad patres, значи,
ad patres, зашто
кај и би нè познал
без историските лузни на нас што ги носиме?



# *Анатема*

Јас, Aehmenia, од Битола,
се капам во свети реки,
се молам во свети храмови,
цел живот излегувам од едно
и влегувам во друго ходочастие,
штрпкам по некое стракче
по камењарите – и тоа е сè.
Но, само по некој ден откако
стигнав во Света Екатерина
егуменот ми фрли анатема, анатема, извика:
од исти краишта сме
толку убаво пееш, ми рече,
а песна наша не ми запеа...





# *Мпете*

*На Славко Нинов*

Момче, монах во излитено расо,
со плетенки врз рамениците
седнат на брегот на Егеј под Света гора
и наизуст преповторува:
душата ми е пустина
по која чекори Исус.

Го галам неговото осле,
покротко и од него
и само го прашувам и препрашувам
каде се, кај се откорнале луѓето,
кај отишол и Господ-бог прашувам?
А момчето исправено и загледано во морето
не кажува ни три збора:
доста се два, помислува, можеби
не кажува и два, достатен е еден,
помислува, можеби,
не е неопходен и тој,
помислува, можеби
– тишината е нашиот мајчин јазик.

## СОДРЖИНА

*Предговор* ......5
Оливера Ќорвезироска: ВРЗ КРСТОТ НА ЗБОРОТ ......7

***ДВЕ ТИШИНИ (метафизичка тетратка)*** ......21

*А*

***Окован, настојувам да се движам*** ......27
Не знам зошто ......29
Излишно писмо до Бога ......31
Расфрлани се моите мисли ......32
Секавица ......33
Нашето црвено ждребе ......34
Проповедникот ......36
Земјата не би можела ......37
Ме допира нешто ......39
Чудно е зошто Анакреон ......41
Ѕвезден корен ......42
Риданијата на Рахела ......43
Тома ......45
Никогаш не сум размислувал за тоа ......46
Нѐ сними момчето седнати во истото бистро ......47

*Е*

***Не е од големо значење знаењето со кое ќе се здобиеш, туку знаењето кое ќе го изнастрадаш*** ......49
Не е од големо значење ......51
Оплакување ......53
Книга на болниот ......54
Цел живот ги шетав своите соништа ......56
Цел живот ги гледаш своите другари, соседи, пријатели ......57





Со години и години ......59
Ене сум јас, извикувам, ене сум ......60
О, Кавафис ......61
Ора Каин сѐ подлабоко и подлабоко, ......63
Отсекогаш бев уверен во тоа ......64
Животот лаже – сонот не лаже ......65
Сега убаво се сеќавам ......67
Минато ......68
Минато, пак ......69
Алелуја ......70
Втројство ......71
Огнен ......73
Народот, тврдеа, народот е татковина, ......76
Нулта точка ......77
Песна ......78
Проповед на апостол Павле ......80
Осама ......81
Старо стебло ......83
Знаеше Тој ......85

*И*

***Енциклопедијата не е знаење туку помнење*** ......87
Во овој круг песни ......89
На залез на октомврискиот сонце ......91
Atopia ......93
Испружен на грб ......94
Осамено стебло ......95
Самиот си направив пишувало ......96
Размисла ......97

На полицата под огништето ....99
Зошто да страхувам ....100
Збогување ....101
Ало ....102
Јас и ти ....103
Врати ми го нереченото ....105
Земјата над нас ....106
Тој веќе му се радува на светиот оган ....107
Каменот и птицата ....108
Tohu va bohu 1 ....109
Tohu va bohu 2 ....110
Наш заеднички епитаф ....111
Париз. Сена. Крај... ....112
Секоја вечер ....115
Свеченоста на морето ....116
Големата земја ....117
Ах, таа тишина ....118
Доколку ме изумиш ....119
Син на јамбови и сни ....120
Веќе се дени ....121
Ах, тие твои сини очи... ....123
К-о-ој е-е-е ....125
Две тишини ....127
Буден лежам не заспивам ....128
Три нешта ....129
This is where all the stars bow down ....131
Никогаш не гледав со очи ....132
Свеќа меѓу книгите ....133
Цел живот залудно се обидував да сфатам ....134







Сенка ....135
Палаво стракче ....136
Уште малку и ќе си се вратам дома ....137

***Низ времето, како и сè друго, исчезнува и песната*** ....139
Низ времето, како и сè друго ....141
Една црвена тркалезна самогласка ....143
Јас, Антонио ....145
Предел ....147
Петтиот христијански собор ....149
На истото место кај што век и пол подоцна ....150
Масада 73 ....153
Sacra populi lingua est ....154
Аларах демне зад Алпите ....156
Flagellum Dei ....157
Одговори ....160
Мрамор 1 ....161
Мрамор 2 ....162
Anno MMIII ....163
Гранче чесно дрво ....164
Јас, Лука ....165
Тајната на преминот ....167
Химна на животот ....168
Птици се тоа ....169
Кон залез на птиците помислувам ....170
Одново на птиците, помислувам, ....171
Одново на птиците, помислувам, ....172
И одново на птиците помислувам, ....174

Метонимија ....175
Црно, како од рофја јагленосано....176
Писмо напишано со камејна ....177
Крстици светлина ....179
Ништо и – никого....181
Секој саме....182
Грутче јаглен ....183
Сјаен потпис на остра веда....184
Привршија сите крстопати на земјата ....185
Знаме на љубовта....187
Црвојадина ....188
Кога си далеку....189
Откликнува птицата,....191
Си легна со зборот ....192
Во пределот меѓу два збора ....193

У

***Не им завидуваме на предавствата***....195
Не им завидуваме на предавствата....197
Ги одбираше Тој зборовите....201
Зборот има големи очи ....202
Возврати барем збор....203
На 'ртулецот да му запееме....204
И предци и потомци....206
Големиот камен ....208
Несфатливо брзо и полетно движење на зборовите ....210
Ах, тој молив, човек во човека....211
Душа на душата ....213





Долго се загледуваше ....214
Нѐ учеа....215
Крстот на времето....216
Ad patres, ad patres....217
Анатема ....218
Mneme ....219

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-1
821.163.3-1.09 Поповски, А.

ПОПОВСКИ, Анте
Две тишини / Анте Поповски. – Скопје : Југореклам, 2003. – 226 стр. ; 22 см. – (Pro Littera) (Избрани дела / Анте Поповски)

Дел од песните напоредно во ракопис. – Врз крстот на зборот / Оливера Ќорвезироска: стр. 7-19

ISBN 9989-52-074-7 (избор)
ISBN 9989-52-075-5 (кн.)

Pro Littera

Анте Поповски Анте Поповски Анте Поповски

ISBN 9989-52-075-5